Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 320, 18 април 2023 година

април 2023 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 3

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНОЛОГИЈА НА ОБЛЕКА И ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 27

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 45

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА” ОД Д-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 75

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „МЕХАНИКА НА ПОЧВИ” ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ПОПОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 78

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „СОВРЕМЕНИ ФИНАНСИИ“ ОД АВТОР ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ 82

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОМЕНА НА МЕНТОР ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ОД КАНДИДАТКАТА ДЕНИЦА МИХАЈЛОВА** ........ 86

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-35/5 од 25.1.2023 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 24.1.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област *меѓународна економија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Оливера Костоска**, редовен професор на Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола – претседател,

- **д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член,

- **д-р Мери Бошкоска**, редовен професор на Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 21.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката вон. проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов е родена на 1.8.1981 год. во Тетово, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во Тетово во ОУ „Гоце Делчев“ и средно економското училиште „8 Септември“. Прв циклус студии кандидатката завршува на насоката Сметководство и ревизија на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Веднаш по завршувањето на додипломските студии кандидатката се запишува на постдипломски студии на департманот Монетарна економија на Економски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Со успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Хармонизација на банкарската регулација во Р.Македонија со регулативниот систем на Европската Унија“ во ноември 2008 година се стекнува со диплома магистер по економски науки. Истата година кандидатката се запишува на докторски студии на Економски факултет на Универзитет „Св.

Кирил и Методиј“ во Скопје, а за ментор е определен проф. д-р Михаил Петковски. Со успешна одбрана на докторскиот труд на тема „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност“ на 9.2.2011 година се стекнува со диплома доктор на економски науки.

Д-р Весна Георгиева-Свртинов својата работна кариера ја започнува во учебната 2006/2007 година, како помлад асистент, а потоа и како асистент на Економскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово. Во периодот од 2008 до 2011 година работи во фамилијарен бизнис, во фирмата за ентериери „ДООЕЛ Порта ентериери”, каде што ги води сметководствените и финансиските работи. Во текот на 2011 година остварува практикантски стаж во Центарот за стратегиски истражувања при Македонската академија на науките и уметностите, со цел да има пристап до современа литература, контакт со академици од областа и да ги продолжи своите истражувања во материјата во којашто се специјализирала. Една година работи во Секторот за комерцијално банкарство во ТТК Банка АД Скопје, како соработник за клиенти-население. Во декември 2012 година е избрана за доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Од декември 2014 година е вработена на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, најпрво како доцент, а од јуни 2018 година како вонреден професор од областа меѓународни економски односи. Во периодот 2014-2016 година е визитинг професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Во текот на својот работен ангажман во Институтот, д-р Весна Георгиева-Свртинов активно учествува во реализацијата на предвидените активности од научен и од едукативен карактер.

Во 2018 година, по истекот на законски определениот рок од 5 години, д-р Весна Георгиева-Свртинов е избрана во звање вонреден професор во областа меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што изведува настава по предметите: Меѓународни финансии, Управување со финансиски ризици, Корпоративни финансии, Економија на пари банки и финансиски пазари и Девизен ризик.  Во тој период кандидатката, освен на прв циклус, изведувала настава и на втор циклус, согласно со одлуките за наставен ангажман. На втор циклус изведувала настава по следните предмети: Меѓународни финансии и Меѓународен бизнис. На Економскиот институт, пак, била ангажирана на следниве предмети на втор циклус студии: Економија на пари, банкарство и финансиски пазари, Менаџерски финансии, Финансиска анализа и известување, Макроекономски политики и развој, Оценување на инвестиции, Планирање и оптимизација на логистиката, Меѓународни финансиски пазари и институции, Финансиски пазари и институции, Девизен пазар и девизно работење и Корпоративно претприемништво. Во 2015 година реализирала студиски престој на Универзитетот „Утрех“ - Холандија, каде што се стекнува со драгоцено искуство од областа на финансиската анализа на податоци. Во периодот 2016-2018 година спроведува обуки за практични вештини од областа на економијата и анализата на податоците во Институтот „Практикум“ - ДОО Скопје, на кој беше и косопственик.

Кандидатката Весна Георгиева-Свртинов во текот на својата работна кариера има издадено голем број научноистражувачки и стручни трудови од областа на меѓународната економија и финансиите, како и пет универзитетски учебници и една монографија, а е коавтор на 4 монографии. Има учествувано на повеќе домашни и меѓународни научни конференции и стручни собири, како и во реализација на повеќе научноистражувачки и стручно-апликативни домашни и меѓународни проекти.

Во текот на нејзината кариера учествува во бројни факултетски и универзитетски комисии за избор на ректор, јавни набавки, уписи, со кои се верификува нејзината посветеност и во делот на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност. Ментор е на бројни дипломски трудови, учествува во комисии за одбрана на магистерски и дипломски трудови и член на рецензентски комисии.

Во 2022 година со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип избрана е за продекан за меѓународна соработка и наука за периодот 2022-2025 година.

Кандидатката поседува неколку сертификати и тоа: сертификат со кој се потврдува владеењето на англискиот јазик, сертификати за компјутерско работење, сертификат за компјутерско сметководствено работење, сертификат за финансиска анализа, сертификат за анализа и обработка на податоци во Excel, Eviews, PSPP, Python, C++.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Општи законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор:**

***Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира***

Кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов се стекнува со звање доктор на економски науки на 9.2.2011 година, со успешна одбрана на докторскиот труд на тема „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност“ на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

***Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (се наведува остварениот просек на студиите на прв и остварениот просек на студиите на втор циклус):***

Кандидатката има завршено прв циклус студии на насоката Сметководство и ревизија, со просечен успех 8; вториот циклус на студии на насоката Монетарна економија го завршила со просечна оценка 8,9.

***Да бил претходно избран во наставно-научно звање вонреден професор од научната област во која се избира.***

Д-р Весна Георгиева-Свртинов со Одлука бр. 02-1018/1 од 6.7.2018 година на Наставно-научниот совет на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје е избрана во звање вонреден професор, а со Одлука бр.1202-199/3 од 14.12.2018 година на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во наставно-научната област меѓународна економија.

***Има објавено најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.***

Кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов од изборот во асистент до денес има објавено повеќе од 80 труда, а во периодот од изборот во вонреден (од 2018 до денес) има објавено 22 труда во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија и научни конференции. Кандидатката има објавено 5 учебника, 1 монографија, а коавтор е на 4 монографии. Како доказ за исполнување на општите услови за избор во звање редовен професор ги издвојуваме следните трудови во табелата подолу, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на следниот линк:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Georgieva_Svrtinov=3AVesna=3A=3A.html

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko | Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia | Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973. | 2021 |
| 2. | Mitevska, Marija and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | Covid 19 implications on financial reporting | Journal of Economics, Faculty of Economics, UGD Shtip. ISSN 1857-9973. | 2021 |
| 3. | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Great Britain.* | Journal of Economics, 6 (2). pp. 9-21. ISSN 1857-9973 | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Paceskoski, Vlatko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | *Capital and population as factors for economic development in less developed countries.* | Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 227-238. | 2021 |
| 5. | Paceskoski, Vlatko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Miteva-Kacarski, Emilija | Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund | Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758. | 2021 |
| 6. | Paceskoski, Vlatko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | Economic implications from the globalization process to less developed countries | Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 211-220. | 2021 |
| 7. | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia | Knowledge International Journal, Scientific Papers, 41 (1). pp. 143-149. ISSN 2545-4439. | 2020 |
| 8. | **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarsки Emilija and Koleva, Blagica | The impact of Covid-19 on Western Balkans economies. | Journal of Economics. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 9 | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | *The impact of the Covid-19 pandemic on international trade.* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 40 (1). pp. 127-131. ISSN 2545-4439. | 2020 |
| 10. | **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Paceskoski, Vlatko and Koleva, Blagica | *Determinants of Economic Growth in Republic of North Macedonia : An Empirical Study.* | Journal of Economics, 4 (2). ISSN 1857-9973. | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Sofijanova, Elenica and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija | *Determinants of Bank Credit Risk: Empirical Evidence for Commercial Banks from Republic of North Macedonia.* | Journal of Economics. ISSN 1857-9973. | 2019 |
| 12. | Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and **Georgieva Svrtinov, Vesna** | *Financial reporting in hyperinflationary economies.* | Journal of Economics. ISSN 1857-9973 | 2018 |

***Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:***

Кандидатката Весна Георгиева-Сврτинов во периодот 2018-2022 год. ги има издадено следните универзитетски учебници, кои се користат како наставен материјал за предметите на кои е ангажирана:

- Управување со финансиски ризици - учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2022 година – автор.

- Економија на пари банки и финансиски пазари (второ издание) - учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2021 година – автор.

- Меѓународни финансии - учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2020 година – автор.

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.**

Кандидатката доставила валиден сертификат за познавање англиски јазик.

- ***Има способност за изведувањето на високообразовна дејност:***

Д-р Весна Георгиева-Сврτинов својата кариера, односно изборниот период од асистент до вонреден професор ја започнува со изборот во помлад асистент во 2006 година, избор во доцент во 2012 година и избор во вонреден професор во 2018 година. Нејзината способност за изведување на високообразовна дејност е поткрепена со плодна научноистражувачка и наставно-образовна активност изразена преку многубројни објавени научни и стручни трудови, објавени учебници и учества во научни конференции. Таа е ментор на бројни дипломски трудови, а членувала и во бројни комисии за магистерски трудови и дипломски трудови. Кандидатката е продекан за меѓународна соработка и наука на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Посебни услови**

- ***Учествувал или раководел со научноистражувачки проекти***

Д-р Весна Георгиева-Свртинов била ангажирана како учесник и/или раководител во следниве национални и меѓународни научни проекти:

- Финансиски менаџер на проектот „Business eco system as integrated system" INTERREG IPA CBC Greece – Republic of North Macedonia 2014-2020;

- „Обуки за социјално земјоделство и територијален развој", founded by Erasmus + Programme of the European Union, implemented by Comunit Development Institute. Референтен број 2017-1-IT01-KA202-006055, 2018;

- „Стекнување на клучни компетенции за економска и социјална одржливост" founded by Erasmus + Programme of the European Union implemented by Comunit Development Institute. Референтен број 2017-1-CK01-KA204-035371. 2018;

- „Економските импликации од политичката криза во Република Македонија", УКИМ (2017-2018);

- „Земјоделството и општествено-економскиот развој на Република Македонија", Економски институт - Скопје (2017-2018);

- „Претприемништвото во јавниот сектор во Република Македонија", Економски институт - Скопје (2017-2018);

- "Development of technology and concentration of the international capital", founded by O.C.S. Plants, Technologies and Processes Kft. Budapest, 2018;

- "Research on the support of domestic companies by banks and the level of development of the industry", founded by ITEC srl , Villarbasse, Italy, 2018;

- „Унапредување на организациските структури и менаџмент практиките на деловните субјекти за органски земјоделски производи во Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2017;

- "Enhancing Competitiveness of Microenterprises in Rural Areas", founded by European Comission, implemented by Comunit Development Institute. Project reference 2016-1-IE01-KA202-016865, 2017;

- „Карактеристики на јавниот долг на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2017;

- Кораководител на проектот: „Можности и перспективи за развој на Македонската берза на хартии од вредност во услови на криза од глобален и регионален карактер", Економски институт – Скопје, 2016;

- „Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во РМ и можности за нивно унапредување", УКИМ (2015-2016);

- "Managing finance of the Chartered Institute of Public Finance and Accountancy (CIPFA)", founded by Center of excellence in Finance (CEF) and World Bank, 2015;

- „Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија", УКИМ (2014-2015);

- „Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р. Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание", Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013.

- **Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Од моментот на избор во доцент до денес кандидатката има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, рецензирање на трудови, рецензирање на избори во повисоки звања.

- **Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

Д-р Весна Георгиева-Свртинов ги има објавено следниве учебници и монографии:

- Управување со финансиски ризици - учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2022 година – автор;

- Економија на пари банки и финансиски пазари (второ издание) - учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2021 година – автор;

- Меѓународни финансии - учебник за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2020 година – автор;

- Економија на пари, банкарство и финансиски пазари, учебник за студентите на втор циклус студии на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2016 година – автор;

- Меѓународен финансиски менаџмент, - учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2014 година – автор;

- Финансиска либерализација и финансиска стабилност - монографија, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2013 година – автор;

- Научната дијаспора од Република Македонија, монографија, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Видекс БВ – Скопје, 2014 година – коавтор;

- Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија, монографија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2016 – коавтор;

-

- Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во РМ и можности за нивно унапредување, монографија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2017 година – коавтор.

- • ***Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=135; (САОР)=135 или вкупно 310 поени:***

Кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов во изборниот период 2018-2022 година има остварено вкупно 310 поени од кои 40 од наставно-образовна дејност, 135 поени од научноистражувачка дејност и 135 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

- **Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов за прв пат е избрана во звање асистент на група предмети од областа сметководство на Економски факултет на Државниот универзитет во Тетово, каде што држи вежби на предметите Основи на сметководство и Финансиско сметководство. Во декември 2012 година е избрана за доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, а со Одлука бр.1202-199/3 од 14.12.2018 г. за вонреден професор на Економски факултет при истиот Универзитетот. Во периодот од 2016 до 2018 год. работи најпрво како доцент, а потоа со Одлука 02-1018/1 од 6.7.2018 год. како вонреден професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Во овој период кандидатката изведува настава на следниве предмети на прв циклус студии: Меѓународни финансии, Управување со финансиски ризици, Девизен ризик, Корпоративни финансии, Економија на пари, банки и финансиски пазари, Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Макроекономија, Микроекономија, Европски монетарен систем и монетарна политика, Меѓународни финансии, Финансиски менаџмент, Биланс на плаќања, Меѓународен финансиски менаџмент и Монетарна економија. На втор циклус студии изведува настава по предметите: Меѓународни финансии, Меѓународен бизнис, Економија на пари, банкарство и финансиски пазари, Менаџерски финансии, Финансиска анализа и известување, Макроекономски политики и развој, Оценување на инвестиции, Планирање и оптимизација на логистика, Меѓународни финансиски пазари и институции, Финансиски пазари и институции, Девизен пазар и девизно работење и Корпоративно претприемништво. Кандидатката во текот на изборниот период учествува во бројни академски активности, меѓу кои: продекан за меѓународна соработка и наука, ментор на повеќе дипломски трудови, учество во комисии за одбрана на магистерски трудови, учество во комисии за одбрана на дипломски трудови, учество во комисии за избор во звања, учество во рецензентски комисии за учебници, комисии за избор на ректор и сл.

- **Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Весна Георгиева-Свртинов може да се верификува преку бројните научноистражувачки трудови објавени во референтни научни публикации и во стручни (научно-популарни) списанија. Во последниот изборен период, од изборот на вонреден, кандидатката објавила 22 научни и стручни трудови и 3 учебници.

Во продолжение следи листата на научноистражувачки трудови на кандидатката класифицирани според припадноста во референтни научни публикации и трудови издадени во стручни (научно-популарни списанија), согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

- **Објавена научна книга или монографија**

1. Финансиска либерализација и финансиска стабилност - монографија, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2013 година - автор.

2. Научната дијаспора од Република Македонија, монографија, Економски институт, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Видекс БВ – Скопје, 2014 година - коавтор.

3. Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија, монографија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2016 - коавтор.

4. Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во РМ и можности за нивно унапредување, монографија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2017 година - коавтор.

**Објавени научни и стручни трудови**

- **Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

5. **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko (2021) *Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973. https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/issue/view/260

6. Mitevska, Marija and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2021) *Covid 19 implications on financial reporting*, Journal of Economics, Faculty of Economics, UGD Shtip. ISSN 1857-9973. https://eprints.ugd.edu.mk/29231/1/Covid%2019%20imlications%20on%20financial%20reporting.pd

7. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2021) *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Great Britain.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 9-21. ISSN 1857-9973. https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/issue/view/266

8. Paceskoski, Vlatko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2021) *Capital and population as factors for economic development in less developed countries.* Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 227-238. https://eprints.ugd.edu.mk/28886/

9. Paceskoski, Vlatko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund.* Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758. https://eprints.ugd.edu.mk/28885/

10. Paceskoski, Vlatko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2021) *Economic implications from the globalization process to less developed countries.* Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 211-220. https://eprints.ugd.edu.mk/28887/

11. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2020) *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (1). pp. 143-149. ISSN 2545-4439. https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/4248

12. Koleva, Blagica and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2020) *The revised finansial reports as a basic source of information for the work of the business entities in the Republic of North Macedonia.* International Journal Knowledge, 40 (1). ISSN 1857-923X. https://eprints.ugd.edu.mk/24248/

**13. Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973. https://eprints.ugd.edu.mk/27339/1/The%20impact%20of%20Covid 19%20on%20Western%20Balkans%20economies.pdf

14. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2020) *The impact of the Covid-19 pandemic on international trade.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 40 (1). pp. 127-131. ISSN 2545-4439. https://eprints.ugd.edu.mk/24450/

15. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Dimitrova, Janka and Koleva, Blagic (2019) *Transfer pricing – definition and methods.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439. https://eprints.ugd.edu.mk/23182/

**16. Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Paceskoski, Vlatko and Koleva, Blagica (2019) *Determinants of Economic Growth in Republic of North Macedonia : An Empirical Study.* Journal of Economics, 4 (2). ISSN 1857-9973. https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/issue/view/175

**17. Georgieva Svrtinov, Vesna** and Sofijanova, Elenica and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2019) *Determinants of Bank Credit Risk: Empirical Evidence for Commercial Banks from Republic of North Macedonia.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973. https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/3146

18. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2018) *Financial reporting in hyperinflationary economies.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973. https://eprints.ugd.edu.mk/20803/

**Докторска дисертација**

**19.** Георгиева Весна (2011) Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност, Економски факултет, УКИМ, Скопје.

- **Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал**

**20.** Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување. https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

**Учество во проекти**

21. Финансиски менаџер на проектот "Business eco system as integrated system" INTERREG IPA CBC Greece – Republic of North Macedonia 2014-2020.

22. „Економските импликации од политичката криза во Република Македонија", УКИМ (2017-2018).

23. „Земјоделството и општествено-економскиот развој на Република Македонија", Економски институт - Скопје (2017-2018).

24. „Претприемништвото во јавниот сектор во Република Македонија", Економски институт - Скопје (2017-2018).

25. "Research on the support of domestic companies by banks and the level of development of the industry", founded by ITEC srl, Villarbasse, Italy, 2018.

26. „Унапредување на организациските структури и менаџмент практиките на деловните субјекти за органски земјоделски производи во Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2017.

27. „Карактеристики на јавниот долг на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2017.

28. Кораководител на проект: „Можности и перспективи за развој на Македонската берза на хартии од вредност во услови на криза од глобален и регионален карактер", Економски институт – Скопје, 2016.

29. „Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во РМ и можности за нивно унапредување", УКИМ (2015-2016).

30. „Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија", УКИМ (2014-2015).

31. „Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание", Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2013.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Весна Георгиева-Свртинов е научник и истражувач од областа на меѓународната економија и финансиите, која

ја извршува со сериозна посветеност, стручност и професионалност. Нејзиниот придонес во научната и образовната мисла е исклучително корисна и позитивна. Во целокупниот период има објавено повеќе од 85 труда, кои дел се објавени во референтни научни национални и меѓународни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Исто така, д-р Весна Георгиева-Свртинов учествува во проекти од научноистражувачки карактер. Во наставно-педагошкиот дел има богато образовно искуство. Во нејзиниот работен ангажман од асистент до вонреден професор покривала бројни предмети од Катедрата за меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Во процесот на едукација на студентите, професорката е препознатлива по нејзината посветеност на студентите, достапност (класична и дигитална комуникација), прагматичен пристап во елаборација на наставната материја и примена на современи педагошки методи на работа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

- ***Издадени универзитетски учебници***

32. Управување со финансиски ризици учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2022 година – автор.

33. Економија на пари банки и финансиски пазари (второ издание) - учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2021 година – автор.

34. Меѓународни финансии - учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2020 година – автор.

35. Економија на пари банкарство и финансиски пазари, учебник за студентите на втор циклус студии на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2016 година – автор.

36. Меѓународен финансиски менаџмент - учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2014 година – автор.

- ***Издадени трудови во стручно (научно-популарно списание) - зборник***

37. Emilija Miteva-Kacarski ,Kostadinka Panova ,**Vesna Georgieva Svrtinov** (2022) *Транснационалните компании како субјекти на меѓународната трговија,* Годишен зборник, Економски факултет, ISSN: 1857- 7628.https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFE/article/view/5351

*38.* Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Koleva, Blagica (2021) *Примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување во услови на Ковид 19.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628. https://eprints.ugd.edu.mk/29088/

39. **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *Влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 врз македонската економија.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628. https://eprints.ugd.edu.mk/27336/

40. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and **Georgieva Svrtinov, Vesna** (2020) *Влијанието на Ковид 19 врз трговијата со услуги.* Godisen zbornik, 20. pp. 55-62. ISSN 1857-7628 https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_2020-20.pdf

**41. Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2020) *Анализа на влијанието на бруто домашниот производ врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија.* Зборник на трудови, Економски факултет. ISSN 1857- 7296. https://eprints.ugd.edu.mk/27337/

42. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miceski, Trajko and **Georgieva Svrtinov, Vesna** and Dimitrova, Janka and Koleva, Blagica (2019) *Job creation and local economic growth through efficient financial reporting.* International Congress of Management Economy and Policy 2019 Spring Proceeding book, Istanbul, Turkey. ISSN ISBN: 978-605-7858-08-5. https://eprints.ugd.edu.mk/22946/

**43. Georgieva Svrtinov, Vesna** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Paceskoski, Vlatko (2019) *Детерминанти на ликвидноста на комерцијалните банки во Република Северна Македонија.* Годишен зборник, Економски факултет, 18. ISSN 1857-7628.https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_2019-18.pdf

**44. Georgieva Svrtinov, Vesna** and Dimitrova, Janka and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikoloski, Krume (2019) *Фактори кои влијаат на бруто домашниот производ во Република Северна Македонија.* Годишен зборник, Економски факултет, 18. ISSN 1857-7628. https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_2019-18.pdf

- ***Учесник во реализација на стручно-апликативни проекти***

45. „Обука за социјално земјоделство и територијален развој" founded by Erasmus + Programme of the European Union,implemented by Comunit Development Institute. Референтен број 2017-1-IT01-KA202-006055, 2018.

46. „Стекнување на клучни компетенции за економска и социјална одржливост" founded by Erasmus + Programme of the European Union implemented by Comunit Development Institute. Референтен број 2017-1-CK01-KA204-035371. 2018.

47. "Development of technology and concentration of the international capital", founded by O.C.S. Plants, Technologies and Processes Kft. Budapest, 2018.

48. "Enhancing Competitiveness of Microenterprises in Rural Areas", founded by European Comission, implemented by Comunit Development Institute Project reference 2016-1-IE01-KA202-016865, 2017.

49. Managing finance of the Chartered Institute of Public Finance and Accountancy (CIPFA)", founded by Center of excellence in Finance (CEF) and World Bank, 2015.

- **Учество во изработка на елаборати, експертизи и членство во универзитетски и факултетски комисии и тела, одбори**

50. Продекан за меѓународна соработка и наука на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

51. Член на Универзитетска изборна комисија за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

52. Член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

53. Член на комисија за промоција на Економски факултет.

54. Член на комисија за организирање на студентски натпревар на Економски факултет.

55. Координатор на Центарот за односи со јавноста на Економскиот факултет.

56. Член на Рецензентска комисија за оценка на скрипта со наслов „Меѓународна трговија" од д-р Емилија Митева-Кацарски.

57. Член на Рецензентска комисија за оценка на практикум со наслов „Меѓународна трговија" од д-р Емилија Митева-Кацарски.

58. Член на Рецензентска комисија за оценка на скрипта со наслов „Глобална економија" од д-р Влатко Пачешковски.

59. Член на Рецензентска комисија за оценка на скрипта со наслов „Глобална економија" од д-р Влатко Пачешковски.

60 Член на Рецензентска комисија за оценка на учебник со наслов „Можности за примена на концептот зелена економија во МСП во Република Северна Македонија" од д-р Неда Петроска-Ангеловска и д-р Катерина Хаџи-Наумова Михајловска.

61. Член на Организациски одбор на годишен зборник и меѓународно списание.

62. Учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус студии.

63. Член на реализација (предлагање и изработка) на научноистражувачки проекти на Економскиот институт (Одлука бр. 02-223/1 од 4.2.2015 година).

64. Член на Комисија за самоевалуација на Економски институт - Скопје, 2017/2021 година (Одлука бр. 02-1965/1 од 4.12.2017 година).

65. Член на Рецензентска комисија за избор во звање на проф. д-р Емилија Митева-Кацарски.

66. Член на Рецензентска комисија за избор во звање на проф. д-р Влатко Пачешковски.

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатката учествува во следниве предавања и обуки:

67. Оценка на исплатливоста на инвестициите. Институт „Практикум", Скопје.

68. Изработка на бизнис план. Институт „Практикум", Скопје.

69. Анализа на финансиски извештаи. Институт „Практикум", Скопје.

70. Анализа на податоци. Институт „Практикум", Скопје.

71. Финансиска планирање и предвидување. Институт „Практикум", Скопје.

72. Компјутерско водење на финансиско сметководство. Институт „Практикум", Скопје.

73. Финансиска анализа во ексел. Институт „Практикум", Скопје.

- **Техничко унапредување**

Кандидатката има сертификати од следниве обуки:

74. Компјутерско водење на финансиско сметководство.

75. Финансиска анализа.

76. Обработка и анализа на податоци во Excel.

77. Обработка и анализа на податоци во Eviews.

78. Обработка и анализа на податоци во PSPP.

79. Обработка и анализа на податоци во Python.

80. Обработка и анализа на податоци во C++.

**Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип**

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Georgieva_Svrtinov=3AVesna=3A=3A.html

**Евалуација на учебник „Управување со финансиски ризици"**, ГЕОРГИЕВА Свртинов, Весна (2022) Штип : Универзитет „Гоце Делчев», Економски факултет, ISBN. ISBN 978-608-244-946-3 https://e-lib.ugd.edu.mk/1108

Целта на учебникот е студентите најпрво да можат да ги идентификувате и разграничите одделните видови на ризици со кои компаниите можат да се соочат. Финансиските ризици се јавуваат преку различни трансакции од финансиска природа, вклучувајќи: продажба и купување, инвестиции и заеми и разни други

деловни активности. Овие ризици можат да настанат како резултат на правни трансакции, нови проекти, спојувања и преземања, финансирање со долг, енергетска компонента на трошоците или преку активностите на менаџментот, засегнатите страни, конкурентите, странските влади или временските услови. Финансиските ризици значително се зголемија во последните години, но и техниките и начините за управување со нив постојано се усовршуваат. Во вториот дел од учебникот се објаснуваат можните стратегии и техники кои им стојат на располагање на компаниите за елиминирање или намалување на последиците кои различните ризици можат да ги предизвикаат. Имено, успешната програма за управување со ризици им помага на компаниите најпрво да ги согледаат сите ризици со кои можат да се соочат, колку тие ќе влијаат на остварувањето на нејзините цели и да изнајдат начини и техники за нивно намалување, ублажување или елиминирање. Исто така, во учебникот се пишува и за квантитативните техники за мерење на финансиски ризици.

**Евалуација на учебник „Економија на пари, банкарство и финансиски пазари“ (второ издание)**, ГЕОРГИЕВА Сврτинов, Весна (2021) Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет, ISBN 978-608-244-849-7 https://www.doi.org/10.46763/9786082448497

Оваа книга ги поврзува областите на макроекономијата и финансиите. Целта на книгата е да се испита како функционираат финансиските пазари и финансиските институции кои се дел на финансискиот систем, но и каква е улогата на парите во економијата. По изучување на оваа книга студентите ќе бидат во можност да разберат колкаво и какво е значењето на финансискиот систем за економијата во секоја земја, но и зошто е потребна и како се спроведува регулација и супервизија на финансискиот систем. Понатаму се објаснува што претставуваат финансиските пазари и како се вреднуваат хартиите од вредност. Во учебникот се пишува и за основниот концепт во финансиите - концептот на нето сегашна вредност со помош на кој може да направиме избор во кој вид финансиски инструмент да го вложиме нашето богатство, како и зошто е важно нашето богатство да не го вложуваме само во еден вид на финансиски имот, туку е пожелно да направиме диверзификација на портфолиото, со што ќе го намалиме и ризикот. Учебникот вклучува и дел кој се однесува на основните економски принципи на функционирањето на финансиските посредници, како и какво е значењето на депозитните (комерцијалните) банки за економијата во секоја земја. Последниот дел е посветен на монетарната политика и како со нејзина помош може да се влијае на важни економски варијабли во економијата, како што се: ниската стапка на инфлација, ниската стапка на невработеност, економскиот раст, стабилноста на каматните стапки, стабилноста на националната валута, но и конфликтот кој може да настане ако се остваруваат повеќе цели истовремено.

**Евалуација на учебник „Меѓународни финансии“**, ГЕОРГИЕВА Сврτинов, Весна (2020) Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет, 2020 ISBN 978-608-244-777-3https://www.doi.org/10.46763/9786082447773

Целта на овој учебник е да им помогне на студентите и на идните финансиски менаџери да утврдат како меѓународните настани може да влијаат на нивниот бизнис, како и кои чекори треба да бидат преземени со цел да се искористат позитивните ефекти од овие настани, а во исто време како бизнисот да се заштити од оние настани кои се случуваат на меѓународно ниво, но кои можат да имаат негативни ефекти врз работењето на компаниите. Ваквите настани се однесуваат на промените на девизните курсеви, на каматните стапки, на вредноста на средствата итн. Овие промени меѓу себе се поврзани. Кандидатката преку практични примери објаснува како, на пример, депрецијацијата на девизните курсеви е поврзана со високи каматни стапки и инфлација. Понатаму, депрецијацијата на девизниот курс на националната валута позитивно влијае на цените на некои средства, на пример на производи кои се наменети за извоз, доколку домашната валута ја намалила вредноста во однос на валутите во земјите каде што се извезува. Од друга страна, цените на некои средства, на пример на акциите на компаниите ќе бидат негативно погодени доколку компанијата има долг деноминиран во странска валута, а домашната валута ја намали вредноста во однос на валутата во која компанијата има долг. Во ваков случај, долгот на компанијата се зголемува. Во рамките на овој учебник се анализираат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат компаниите кои се изложени на меѓународно влијание. Покрај тоа што се анализираат мултинационалните компании, се анализира и влијанието и на компаниите кои дејствуваат локално, но имаат извоз или увоз во или од други земји, како и компаниите кои дејствуваат само локално, а се натпреваруваат со фирмите кои дејствуваат глобално. Оваа книга ќе им помогне на студентите да стекнат солидна основа за разбирање на меѓународните финансии, што ќе им биде од корист во понатамошното школување, како и во кариерата, во услови на глобално финансиско опкружување.

**Евалуација на трудот „*Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia*“**, Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko (2021). Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973

Овој труд го истражува ефектот на кризата COVID-19 врз комерцијалните банки во Република Северна Македонија. За анализата се користат податоци од финансиските извештаи на банките со цел да се дознае дали има промени во профитабилноста на банките, како и изложеноста на банките на ликвидносен и кредитен ризик во периодот на Ковид кризата и пред кризата. Понатаму, се истражува дали има промени во кредитниот и депозитниот потенцијал на банките и дали има зголемување на нефункционалните кредити. Притоа се заклучува дека банкарскиот сектор се соочи со неколку предизвици, но ја задржа својата стабилност и придонесе за ублажување на последиците од Ковид кризата. Ова, од една страна, е резултат на довербата на јавноста во банкарскиот систем, но, од друга страна, се должи на брзата реакција на Народната банка на Република Северна Македонија. Важно е да се нагласи дека банките задржаа стабилна и солидна ликвидносна позиција, што е еден од главните столбови на стабилноста на банкарскиот систем, особено важен во услови на криза.

**Евалуација на трудот „*Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Great Britain*".** Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) Journal of Economics, 6 (2). pp. 9-21. ISSN 1857-9973

Целта на овој труд е да се идентификуваат секторите во кои Република Северна Македонија има компаративна предност во однос на нејзините трговски односи со Велика Британија. За оваа цел направена е компаративна анализа во временскиот период 2009-2019 година. Резултатите од анализата упатуваат на фактот дека Република Северна Македонија во текот на анализираниот период имаше континуирана компаративна предност во категоријата разновидни производни артикли, главно од извозот на облека и други ленени работи, и во категоријата сурови материјали, освен гориво, поради извозот на метална руда, вклучувајќи и остатоци што содржат метали. Во 2010 година е забележана компаративна предност во категоријата хемиски производи. Според класификациите на Hinloopen и Marrewijk, пресметаната компаративна предност на македонскиот извоз на британскиот пазар варира од слаба до умерена, додека во текот на два временски периода (2010 и 2013 година) беше потврдена силна компаративна предност во категоријата сурови материјали, освен гориво.

**Евалуација на трудот „*Economic implications from the globalization process to less developed countries*".** Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) Knowledge International Journal, 45 (1). pp. 211-220.

Во овој труд се пишува за тоа дека од историска перспектива, финансиската глобализација не е нов феномен, туку длабочината и широчината на глобализацијата денес се без преседан. Неодамнешниот бран на глобализација генерира интензивна дебата меѓу економистите, привлекувајќи и силни поддржувачи и противници. Овој труд се обидува да прикаже избалансиран поглед наведувајќи ги придобивките и ризиците што ги повлекува глобализацијата за земјите во развој и во економиите во подем.

**Евалуација на трудот „*Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia*".** Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (1). pp. 143-149. ISSN 2545-4439

Република Србија е еден од најважните трговски партнери на Република Северна Македонија. Имајќи го предвид овој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за периодот 2009-2019 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на српскиот пазар, со цел да се утврдат категориите на производи со компаративна предност, користејќи ја Стандардната меѓународна трговска класификација и Баласа индексот. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија има компаративна предност во извозот на сурови материјали, освен горива и во извозот на минерални горива, мазива и сродни материјали, што се потврдува со зголемениот извоз на маслодајни семиња и електрична енергија.

**Евалуација на трудот „*The impact of the Covid-19 pandemic on international trade*".** Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 40 (1). pp. 127-131. ISSN 2545-4439

Во овој труд се пишува за влијанието на ковид-19 врз светската економија, имајќи предвид дека пандемијата ја наруши нормалната економска активност и животот ширум светот. Во трудот се дава прогноза за пад на трговијата, кој се објаснува со невидената природа на оваа здравствена криза и неизвесноста околу нејзиното прецизно економско влијание. Имено, зголеменото ширење на вирусот предизвика значителен дел од владите да воведат мерки со кои привремено се затвораат бизнисите и се ограничуваат патувањата и движењето на луѓето. Овие мерки доведоа до остри контракции на нивото на производството, потрошувачката на домаќинствата, инвестициите и меѓународната трговија.

**Евалуација на трудот „*Determinants of Bank Credit Risk: Empirical Evidence for Commercial Banks from Republic of North Macedonia*".** Georgieva Svrtinov, Vesna and Sofijanova, Elenica and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2019) Journal of Economics. ISSN 1857-9973
Во овој труд се прави емпириска анализа на детерминантите на кредитниот ризик со кој се соочуваат банките во нашата земја. Во анализата се вклучени варијабли кои се специфични за банките (профитабилност на банката, банкарска ликвидност, коефициент на капитал, големина на банка, стапка на раст на заемите) со користење на панел податоци на седум комерцијални банки, кои имаат објавено ревидирани финансиски извештаи на веб-страницата на Електронскиот систем за известување од котирани друштва на македонски берза, во периодот 2013-2018 година. Со цел да се направи сеопфатна анализа во трудот се примени три различни методи на проценка: OLS, Фиксен ефект и GLS Модели со случаен ефект. Наодите открија дека коефициентот на капитал, стапката на раст на заемите, големината на банката и ликвидноста на банката, имаат значајна корелација со кредитниот ризик. Стапката на раст на кредитите и ликвидноста на банките имаат инверзна или негативна корелација со кредитен ризик, што значи дека доколку овие варијабли се зголемат, кредитниот ризик ќе се намали. Големината на банката има позитивна корелација со кредитниот ризик, што покажува дека како што банката станува поголема, така и кредитниот ризик се зголемува. Истражувањето не пронајде значајна корелација помеѓу кредитниот ризик и профитабилноста на банката. Овој факт покажува дека профитабилноста на банката во случајот на банкарскиот сектор во Република Северна Македонија нема статистичка значајност за кредитниот ризик.

**Евалуација на трудот „*Determinants of Economic Growth in Republic of North Macedonia: An Empirical Study*".** Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Paceskoski, Vlatko and Koleva, Blagica (2019) Journal of Economics, 4 (2). ISSN 1857-9973
Во овој труд се прави емпириска анализа на одделни детерминанти кои влијаат на економскиот раст во нашата земја. Притоа се анализира влијанието кое секторот земјоделство, индустрискиот сектор и услужниот сектор го имаат врз економскиот раст со користење на Пирсон тест за корелација и тестирање на хипотези во

период од 1996 до 2019 година. Како показател за перформансите на економијата се користи БДП раст по глава на жител (годишно %). Притоа, се заклучува дека постои значајна корелација помеѓу растот на БДП по глава на жител како зависна променлива со земјоделството и услугите, додека не постои статистичка значајна корелација помеѓу зависната променлива и индустријата. Со цел да се утврди силата и насоката на односот помеѓу БДП по глава на жител и земјоделството и услужниот сектор се користи Пирсоновиот коефициент на корелација, при што се потврдува дека односот помеѓу БДП по глава на жител и земјоделството е умерен и позитивен, додека корелацијата помеѓу БДП по глава на жител и услугите е позитивна, но е слаба.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци, елаборираните информации за наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот на пријавениот кандидат за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област меѓународна економија, на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов во целост ги исполнува барањата во конкурсот, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатот, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов има одбрането докторска дисертација од областа на меѓународната економија, која соодветствува на областа за која е распишан конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;

2. Од листата на објавени научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов има објавено голем број трудови од областа на меѓународната економија и финансии, во референтни научни публикации, домашни и меѓународни научни списанија, а исто така учествувала на бројни домашни и меѓународни конференции;

3. Преку досегашната работа и искуство на високообразовна институција, кандидатката се издвојува и според стекнатото наставно искуство.

Комисијата го верификува научниот и стручниот развој на кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов преку остварени вкупно 310 поени, од кои 40 поени во наставно-образовната дејност, 135 поени во научноистражувачката дејност и 135 поени во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област меѓународна економија.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов да биде избрана во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Оливера Костоска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, член, с.р.
3. Проф. д-р Мери Бошкоска, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р.б. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | / | | 40 |
| | ВКУПНО | 40 | | | | |

| Р.б. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Монографија или научна книга (р.бр.1) | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Дел од монографија или научна книга (р. бр. 2, 3, 4) | 3 | 6 | | | 18 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (*прв автор* р.бр. 5,13,16,17)<br>4х9 поени= 36 поени<br>(*втор автор* р.бр.8,9,10,12,15)<br>5х6 поени= 30 поени<br>(*останати автори* р.бр.6,7,11,14,18)<br>5х3 поени= 15 поени<br>Вкупно=36+30+15=81 поен | | | | 81 |
| 10. | Одбранета докторска теза (р.бр.19) | 1 | 8 | / | / | 8 |
| 13. | Раководител на научен проект (р.бр. 21 и 28 )<br><br>(максимум во три проекта) | 2 | 4 | / | / | 8 |
| 14. | Учесник во научен проект<br><br>(максимум во три проекти) | 3 | 2 | / | / | 6 |
| 16. | Уредник на зборник на трудови (р.бр. 61) | 1 | 2 | / | / | 2 |
| 20. | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал (р.бр. 20) | 1 | 2 | | | 2 |
| | ВКУПНО | 135 | | | | |

| Р.б. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Книга/учебник (р.бр.32-36) | **4** | **10** | **/** | **/** | **40** |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр.37-44) | 8 | 2 | / | / | **16** |
| **13.** | Учесник во научен проект<br><br>(максимум во три проекти) | 3 | 5 | / | / | **15** |
| **15.** | Техничко унапредување (р.бр.74-80) | 7 | 2 | / | / | **14** |
| **17.** | Елаборати и експертизи (р.бр.63, 66-71) | 7 | 2 | / | / | **14** |
| **23.** | Продекан (р.бр.50) | 1 | 8 | | | **8** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (51,52,53,54,55,56, 57,58,59,60,63,64,65,66) | 14 | 2 | / | / | **28** |
| | **ВКУПНО** | **135** | | | | |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **40** | **135** | **135** | | **310** |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНОЛОГИЈА НА ОБЛЕКА И ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2302-57/5 од 3.3.2023 година донесена на 141. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 3.3.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област технологија на облека (22303) и дизајнирање на текстил и облека (22304) на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 21.2.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Сања Ристески, доцент на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација по Конкурсот и по анализата на доставениот материјал, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Сања Ристески е родена на 16.3.1984 г. во Штип, Р. Македонија. Средното образование го завршува со континуиран одличен успех во Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. По завршеното средно образование се запишува на Технолошко-металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2008 година дипломира на насоката Конфекциско инженерство и се стекнува со титула дипломиран инженер од областа на конфекциско инженерство. Истата година се запишува на постдипломски студии на Европскиот универзитет на Република Македонија на насоката Моден дизајн, каде што во 2010 година магистрира прва во генерацијата со просек од 9.89 и се стекнува со титула магистер по моден дизајн. Насловот на магистерската тема е „Современите достигнувања во дизајнот на заштитната војничка облека со посебен осврт на заштитниот воен елек”. Во 2018 год. ја брани докторската дисертација со наслов „Дизајн и перформанси на облека за специјална намена” на Технолошко-технички факултет во Штип и се стекнува со титулата доктор по технички науки од областа на науката и технологијата за текстил.

***Работно искуство***

Од 1.11.2008 година е вработена како лаборант на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука бр. 2802-42/8 од 8.3.2011 година работи како помлад асистент.

Со Одлука бр. 2802-95/6 од 26.12.2013 година работи како асистент.

Со Одлука бр. 2302-77/3 од 2015 година е избрана во асистент-докторанд.

Со Одлука бр.2302-105/6 од 10.9.2018 година е избрана во звање доцент.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип.

***Општи услови за избор:***

– Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус. Кандидатката има остварено просечен успех на додипломски студии од 8,03 и на магистерски од 9,89 односно 8,98 на интегрираните студии од првиот и вториот циклус.

– Да има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира. Кандидатката има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира: технологија на облека и дизајнирање на текстил и облека.

– Да има објавено најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

*Кандидатката во последните пет години има објавено вкупно 21 труд, од кои 11 (единаесет) научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија и 10 (десет) научноистражувачки трудови објавени во зборници на трудови презентирани на меѓународни и домашни конференции.*

| | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Год. |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Risteski Sanja** | Градската облека како дел од културното наследство во Штип и нејзината трансформација во современите модни трендови на облека | Културното наследство низ призмата на ликовната дејност. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28493 | 2021 |
| 2 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Handmade crafts throughout history and its redesign into a modern female model | Casopis: Tekstilna industrija, 70 (4). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30942 | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Fashion in the period of the 19th and 20th century in the Eastern region of the Republic of North Macedonia as an inspiration for modern fashion solutions. | Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30368 | 2022 |
| 4 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Impact of the type of cutting layout on the consumption of textile material | Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28496 | 2021 |
| 5 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Fashion in a time of Pandemic. | Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28898 | *2021* |
| 6 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Appearance of protective clothing over the centuries | Naučni i stručni časopis tekstilne industrije (4). pp. 1-96. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27988 | 2020 |
| 7 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Textile waste from confection industries and possibilities for its recycling | Naučni i stručni časopis tekstilne industrije (4). pp. 1-96. ISSN ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27987 | 2020 |
| 8 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Optimizing the time of work performance in the process of sewing woman shirt. | Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24502 | 2020 |
| 9 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Determination of the load in different operation In sewing model of woman shirt. | Naučni i stručni časopis tekstilne industrije (3). pp. 1-76. ISSN 0040-2389 *https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27989* | 2020 |
| 10 | **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | Defects detection in the first manufactured module - ensuring errors flow in the garment manufacturing process. | Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 *https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24403* | 2020 |
| 11 | **Risteski Sanja,** Srebrenkoska Vineta | Textile fibers and materials for design and construction of contemporary modular vest for special (military) purposes. | Contemporary trends and innovations in the textile industry. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22162 | 2019 |
| 12 | **Risteski Sanja,** Kortoseva Sonja, Srebrenkoska Vineta | Inter-phase control of defects and reasons for their occurrence in the process of sewing women's trousers. | Tekstilna industrija (1). pp. 1-80. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21849 | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | **Risteski Sanja,** Srebrenkoska Vineta, Zhezhova Silvana, Demboski, Goran | Material optimization in the process of cutting the modular model of vest for special purpose. | Tekstilna industrija, 66 (3). pp. 8-13. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20653 | 2018 |
| 14 | **Risteski Sanja**, Srebrenkoska Vineta, Demboski Goran, Dimeski Dimko, Zhezhova Silvana | Material utilization in the process of cutting protective vest for special purpose | 8th International Scientific Conference on Defensive Technologies, 11-12 October 2018, Belgrade. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20608 | 2018 |
| 15 | Zhezhova Silvana, **Risteski Sanja**, Jordeva Sonja, Srebrenkoska Vineta | Medical textiles, possibilites and chalenges | Zbornik radova Naučna konferencija SANUS 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30487 | 2022 |
| 16 | Slavkova Emilija, **Risteski Sanja** Srebrenkoska Vineta | The designing of composite laminates for aplication in autompotive industies | Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) *https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24506* | 2020 |
| 17 | Kertakova Marija, **Risteski Sanja,** Dimitrijeva Vanga, Efremov Jordan | Fashion as a social phenomenon-socio-psychological mechanisms of impact. | Contemporary trends and innovation in the textile industry. pp. 70-78. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22164 | 2019 |
| 18 | Zhezhova Silvana, **Risteski Sanja,** Ristova Elvira, Risteska Svetlana, Srebrenkoska Vineta | Composite materials based on e-glass woven textile structures as reinforcement. | Tekstilna industrija, 66 (2). pp. 4-8. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20250 | 2018 |
| 19 | Zlatkov Ivan Zhezhova Silvana, **Risteski Sanja,** Srebrenkoska Vineta, Risteska Svetlana | Effect of weave of fabric and molding pressure on the mechanical properties of composite laminates. | Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 391-396. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22228 | 2019 |
| 20 | Srebrenkoska Sara, Zhezhova Silvana, **Risteski Sanja,** Cekerovska Marija, Srebrenkoska Vineta, Risteska Svetlana | Aplication of factorial experimental design in predicting properties of polymer composites. | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (1). pp. 85-88. ISSN 2545-479X; 2545-4803 online https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20327 | 2018 |
| 21 | Dimova Tanja, Zhezhova Silvana, Srebrenkoska Vineta, **Risteski Sanja,** Risteska Svetlana | Hand lay-up vs machine impregnation of the textile structures. | Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 378-384. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22227 | 2019 |

- Да има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа. *Кандидатката има сертификат за положен англиски јазик од Кембриџ ПЕТ тест за електронско полагање, со постигнато ниво В1 (според Council of Europe Level).*

- Да има способност за изведување на високообразовна дејност. *Кандидатката својата способност за изведување на високообразовна дејност ја покажа преку успешно изведување на предавањата и вежбите по група предмети за која беше ангажирана.*

**Посебни услови**

**Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**

*Кандидатката има учество во следните проекти:*

***Risteski, Sanja*** *(2022) 4 Р-Редуцирај, рециклирај, реупотреби и пренамени, социјална инклузија преку кружна економија.*
***Risteski, Sanja*** *(2021)* Кружната економија како модел за решавање на текстилниот отпад во Општина Штип.
***Risteski, Sanja*** *(2021)* „Reborn» - дизајни на облека како дел од проектот „Културното наследство низ призмата на ликовната дејност".
***Risteski, Sanja*** *(2021)* 3R (3Р) Редуцирај, реупотреби, рециклирај.

**Успешно дејствување во соодветната област на уметноста.**

*Кандидатката ги има реализирано следните изложби и модни ревии/ перформанси:*

**Risteski Sanja** (2022) *Отпадот не е отпад се додека го искористуваш: Завршен перформанс на студентите на ТТФ како дел од Проектот „4Р" во соработка со ФРЛЗ - Штип.*
**Risteski Sanja**, Golomeova Longurova Saska, Zhezhova Silvana, Jordeva Sonja (2022). *There is no Planet B. (Изложба на уникатни производи од текстилен отпад).*
**Risteski Sanja** (2022) *Моден викенд Скопје- Graduation Fashion Show.*
**Risteski Sanja** (2022) *Изложба на модели изработени од текстилен отпад.*
**Risteski Sanja** (2022) *No For Waste Yes for Art NO Waste Art Design.*
**Risteski Sanja** (2021) *Културното наследство низ призмата на ликовната дејност.*
**Risteski Sanja** (2021) *Моден перформанс на студентите на ТТФ на Научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република» 2021.*
**Risteski Sanja** (2021) *Помеѓу личноста и просторот - (не)време.*
**Risteski Sanja** (2021) *Филмска ревија на студентите на ТТФ.*
Jakimovska Jana Miloseski Slobodan, Despot Katerina, Efremov, Jordan, Dimitrijeva, Vanga, Sandeva, Vaska, Namicev Petar, **Risteski Sanja** (2021) *Културното наследство низ призма на ликовната дејност - изложба.*
**Risteski Sanja** (2020) *Колекција на дизајнерски заштитни маски наменети за донација.*

**Risteski Sanja** (2021) *"Reborn" - Manassini.*
**Risteski Sanja**, Despot Katerina, SandevanVaska (2021) *Видео перформанс - Помеѓу личноста и просторот (не)време.*
**Risteski Sanja** (2021) *Пандемизам (креативна приказна на една онлајн генерација).*

-*Кандидатката исто така е ангажирана како експерт обучувач за следните обуки:*
**Risteski Sanja** (2022) *Обука за можностите за редуцирање, рециклирање, реупотреба и пренамена на текстилниот отпад од конфекциските индустрии.*
**Risteski Sanja** (2022) *Обука со луѓето со посебни потреби и нивно директно вклучување во борбата за инклузија во правец на продуктивност во општеството.*
**Risteski Sanja** (2022) *Креативно-едукативна работилница, во рамките на проектот „4Р ( редуцирај, рециклирај, реупотреби и пренамени)", поддржан од ФООМ, организирана во просториите на ЦПЛИП „Порака» - Штип.*
Risteski Sanja (2022) *"Reduce, reuse, recycle" Textile waste reuse workshop.*

**Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

- Кандидатката д-р Сања Ристески е автор на позитивно рецензирана скрипта наменета за студентите на прв и втор циклус студии на Технолошко-технички факултет.

- ***Risteski Sanja** (2022) Дизајн на заштитна облека. ISBN 978-608-244-910-4.*

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од последниот избор до денес д-р Сања Ристески е автор на 21 објавени научни и стручни трудови и на трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси. Од нив, 11 научни трудови се печатени во меѓународни списанија, а 10 трудови се презентирани на конференции. Покрај тоа, од последниот избор до денес има реализирано 14 изложби со модни ревии/перформанси од регионален карактер. Учесник е во 5 проекти и има реализирано 4 обуки од полето на дизајн/редизајн на облека како обучувач. Поседува и 2 сертификати за успешно помината обуки во полето на одржливост, одржлива мода, одржлив дизајн одржливо производство и социјална и корпоративна одговорност во индустријата за текстил и облека". Од 2018 година па до ден-денес работи и како дописник на списанието „Текстилна индустрија" - Белград.

Од 2018 година до ден-денес е дел од Научниот одбор на Меѓународната конференција на тема „Современи трендови и иновации во текстилната индустрија" во Белград, Србија.

Кандидатката Сања Ристески од 2022 година е избрана за визитинг професор на Факултетот за технички науки во Чачак при Универзитетот во Крагуевац, Р. Србија.

Од 1.11.2008 година е вработена како лаборант на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Со Одлука бр. 2802-42/8 од 8.3.2011 година работи како помлад асистент. Со Одлука бр. 2802-95/6 од 26.12.2013 година работи како асистент. Со Одлука бр.

2302-77/3 од 2015 година е избрана во асистент-докторанд. Како помлад асистент, асистент и асистент-докторанд држи вежби по предметите:

- Конструкција на облека 1,
- Конструкција на облека 2,
- Креирање на облека,
- Моделирање на облека,
- Историја на облека,
- Текстилни влакна,
- Испитување на текстилот,
- Високоперформансни влакна.

Со Одлука бр.2302-105/6 од 10.9.2018 година е избрана во звање доцент за наставно-научната област технологија на облека (22303) и дизајнирање на текстил и облека (22304) на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Како доцент предава на група предмети на прв и втор циклус.

Предмети за кои кандидатката е ангажирана на прв циклус:

- Конструкција на облека 1,
- Конструкција на облека 2,
- Креирање на облека,
- Моделирање на облека,
- Историја на облека,
- Дизајн на заштитна облека,
- Заштитни материјали.

Предмети за кои кандидатката е ангажирана на втор циклус:

- Креирање на текстил,
- Конструкција на облека со современи техники на кроење и шиење,
- Моделирање на облека 2,
- Модна колекција,
- Примена на компјутерски програми во моден дизајн,
- Индустриски дизајн.

**Објавени трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во периодот од претходниот избор во доцент:**

**1. Risteski Sanja** and Srebrenkoska Vineta (2022) Handmade crafts throughout history and its redesign into a modern female model. Casopis: Tekstilna industrija, 70 (4). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30942. Овој труд дава краток опис на ракотворбите низ историјата. Видовите везови низ историјата и плетките се

накратко опишани, а претставено е и плетењето во македонски традиционални форми, по 1950 година. Модата од 20 век во светот е накратко објаснета со посебен осврт на 60-тите, 80-тите и 90-тите години како години на експанзија и години во кои се развива модната индустрија и производството. Исто така, во трудот е прикажана и инспирација за создавање на нов модел инспириран од ракотворбите во Македонија, а воедно е прикажан и конечниот изглед на моделот, кој говори за тоа како македонската традиција може да биде инспирација за современи модни решенија.

2. **Risteski, Sanja** (2021) *Градската облека како дел од културното наследство во Штип и нејзината трансформација во современите модни трендови на облека.* Културното наследство низ призмата на ликовната дејност. pp. 44-58. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28493 Модата е дел од културата, таа се презентира преку облеката, накитот, уредувањето, уметничките предмети итн. Но, таа во никој случај не претставува само надворешен украс на човековото битие, туку се појавува како посебен облик на одредено однесување. Или поедноставено модата е начин на облекување на одредена група на луѓе во одреден временски период и истата не е општоприфатлива за сите припадници на дадено општество. Модата, некогаш манифактурна, денеска преминува во индустрија, бројните и престижни модни куќи лоцирани во Франција, Италија, Лондон... Престижните школи за изучување на модниот дизајн и изработката на облеката се јасен показател за тоа колку модата зазема значајно место во светот. Почнувајќи од идеја, цртеж, изработка на кроеви, конфекционирање, барање пазар, пласирање на производот на пазарот и негово стигнување до рацете на потрошувачот, говорат за тоа дека денес модата е индустрија. Денес модата, претставена преку разработен, конструиран и реализиран дизајн на модел чија инспирација може да е длабоко вкоренета низ минатото и вековите е своевиден глас на личноста, нејзина презентација во современиот свет, таа е брза и динамична, подготвена на промени.

3. **Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2021) *Fashion in a time of Pandemic.* Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28898 Модната индустрија претрпе тежок удар поради кризата КОВИД-19. Од материјалното до духовното. Пандемијата го промени односот на потрошувачите со облеката. Во овој труд беше спроведено истражување за тоа како пандемијата влијаеше на модата, дали промените во модата што настанаа како резултат на пандемијата ќе останувaат трајни или не. Во рамките на овој труд исто така беше направено и истражување за пандемиите кои претходно го зафатиле светот и како тие влијаеле на модата, во споредба со пандемијата со КОВИД-19.

4. **Risteski, Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2020) Appearance of protective clothing over the centuries. Naučni i stručni časopis tekstilne industrije (4). pp. 1-96. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27988 Во историјата на костимот посебно место има заштитната воена облека. Потеклото на војничката облека има корени длабоко во историјата. Заштитната облека дефинирана како облека за заштита „прекривка" се користи за заштита на телото од физички напад. Во многу од античката цивилизација се забележува сличност во изгледот на војската облека, што значи дека египетските, асирските, грчките и римските војници се облечени и вооружени на сличен начин. Во овој труд е направена анализа на заштитната воена облека низ вековите, почнувајќи од Египет, Вавилон и Асирија, Крит и Микена,

Античка Грција и Рим, полека достигнувајќи ја заштитната облека карактеристична за средновековниот период, полека приближувајќи се кон современиот изглед на заштитната облека.

**5. Risteski, Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2020) Textile waste from confection industries and possibilities for its recycling. Naučni i stručni časopis tekstilne industrije (4). pp. 1-96. ISSN ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27987 Многу од процесите и производите поврзани со модерниот начин на живот имаат негативни ефекти врз животната средина. Меѓу значајните последици се зголемените трошоци за третман и отстранување на прекумерни количини отпад. Правилното управување со големите количини отпад што ги создава конфекциската индустрија е од големо значење за доброто на општеството. Решавањето на проблемот со текстилниот отпад е од големо значење за капацитетите за производство на облека со цел да се зголеми конкурентноста, да се оствари дополнителен профит и да се намалат трошоците за депонирање. Во овој труд беа анализирани две конфекциски компании, со цел да се утврди количеството текстилен отпад што се јавува во двете компании, а исто така беше направено истражување за искористување на создадениот текстилен отпад преку негова примена како суровина за производство на композитни материјали.

**6. Risteski, Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2020) Determination of the load in different operation In sewing model of woman shirt. Naučni i stručni časopis tekstilne industrije (3). pp. 1-76. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27989 Контролата на квалитетот е збир на чекори или упатства дизајнирани да гарантираат дека производот или услугата исполнува одредени стандарди за изведба. Контролата на квалитетот во текстилот се однесува на тоа дали производот ги исполнува стандардите за изведба и очекувањата на клиентите. Во овој труд е анализиран еден модел на женска кошула. За овој модел беше направен работен план и беше дефинирано времето кое е потребно за извршување на операциите на шиење на моделот. Пресметано е и вкупното време за секоја операција, дневниот производствен капацитет, дневниот капацитет по работник и тактот на групата. Беше дефиниран и процентот на оптоварување по операција, како определување на вистинската операција за секој работник, добиена преку метод на набљудување.

**7. Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2020) Defects detection in the first manufactured module - ensuring erors flow in the garment manufacturing process. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24403 Контролата на квалитетот е неопходна активност за управување со квалитетот. Не создава вредности, но придонесува за поуспешна работа во компанијата. Таа обезбедува задачите наведени во планот да се остварат навремено, рационално и исплатливо. Во овој труд е направен пристап за проценка на квалитетот на првиот произведен модул во производството на облека. Откриени се дефекти кои ја намалуваат употребната вредност на облеката и нивната фреквенција предизвикана поради слаб квалитет. Со употреба на дијаграмот Ишикава, преку кој беа идентификувани причините за појава на дефекти и план за нивно отстранување.

**8. Risteski, Sanja** and Kortoseva, Sonja and Srebrenkoska, Vineta (2019) Interphase control of defects and reasons for their occurrence in the process of sewing women's trousers. Tekstilna industrija (1). pp. 1-80. ISSN 0040-2389 https://eprints.

ugd.edu.mk/id/eprint/21849 Квалитетот е најдобрата инвестиција за зајакнување на конкурентноста на претпријатијата на меѓународниот пазар. Постигнувањето квалитет е обврска на секој работник во организацијата. Улогата на контролата на квалитетот е да открие дефекти преку постојано следење на производниот процес, анализирање на дефектите, наоѓање на изворот на нивното појавување и преземање соодветни корективни мерења. Во овој труд се претставени некои фактори кои влијаат на појавата на дефекти во процесот на шиење на еден модел на женски панталони. Анализирани се добиените резултати при меѓуфазната контрола во две производни линии во четиринеделниот период. Можните причини за откриените дефекти се посочени со: Работните денови во неделата, структурата на вработените во производните линии, нивното работно искуство, нивната возраст и тешкотија на работење. Влијанието на секој од овие фактори е дискутиран посебно.

**9. Risteski, Sanja** and Srebrenkoska, Vineta and Zhezhova, Silvana and Demboski, Goran (2018) Material optimization in the process of cutting the modular model of vest for special purpose. Tekstilna industrija, 66 (3). pp. 8-13. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20653 Во овој труд е направен нов модел на заштитна облека за посебна намена. Моделот е напреден и модуларен, а се состои од 27 конструкциски делови кои се внимателно дизајнирани и технички конструирани за да одговорат на основната потреба, а тоа е висок степен на заштита. Материјалот што беше искористен за создавање на новиот модел е PA 6.6 со водоотпорен слој кој се користи како надворешен покривен материјал. Заштедата на материјал е од големо значење при изработката на моделите за заштитна облека/елеци, бидејќи овие материјали имаат висока цена на пазарот. За овој труд се направени 5 распореди за искројување на основниот материјал (PA6.6). Секој распоред на искројување покажува различен степен на искористеност на материјалот. Прикажани се и фактори кои влијаат на степенот на искористеност.

10. Zhezhova, Silvana and **Risteski Sanja** and Ristova, Elvira and Risteska, Svetlana and Srebrenkoska, Vineta (2018) Composite materials based on e-glass woven textile structures as reinforcement. Tekstilna industrija, 66 (2). pp. 4-8. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20250 Текстилните композити се материјали составени од два основни елементи, едниот кој се нарекува матрица или основен материјал, кој е континуирана фаза, а другиот елемент или компонента, т.е. зајакнувач (текстилни преформи), често се нарекува дисперзирана фаза. Текстилните преформи се различни текстилни структури направени со употреба на традиционални процеси за добивање на текстил како што се ткаење, плетење, плетење, шиење итн. Текстилните преформи не само што играат клучна улога во трансформацијата на својствата на влакната во сложени композитни перформанси, туку исто така влијаат на лесната или тешката инфилтрација на матрицата и консолидацијата. Во овој труд се анализирани три различни типови на дводимензионални ткаени структури од е-стакло за засилување за композитни материјали. Јакоста на истегнување и издолжувањето на ткаенините од е-стакло во надолжните и попречните насоки беа експериментално одредени според стандардот ASTM D 5035. Структурните карактеристики на ткаенините имаат големо влијание врз физичките и механичките својства на ткаенините и нивните перформанси во финалниот композит. Тие обично се одредуваат од предивата од кои се направени, како и од процесните параметри на машините за ткаење.

11. Srebrenkoska, Sara and Zhezhova, Silvana and **Risteski, Sanja** and Cekerovska, Marija and Srebrenkoska, Vineta and Risteska, Svetlana (2018) Aplication of factorial experimental design in predicting properties of polymer composites. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 1 (1). pp. 85-88. ISSN 2545-479X; 2545-4803 online. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20327 Целта на студијата е да се пристапи до применливоста на целосниот факторски експериментален дизајн во предвидувањето на својствата на полимерните композити. Подготовката на композитите беше спроведена со примена на 22 целосни факторијални експериментални дизајни. Односот влакна/смола беше земен како прв фактор, а вториот - температура на мешање. За првиот фактор, ниските и високите нивоа се избрани да бидат 20/80 и 40/60, соодветно и за вториот фактор – 175 C и 195 C, соодветно. За композитите, јакоста на истегнување и виткање беа одредени лабораториски. Врз основа на добиените експериментални податоци создадена е регресивна еквитација која најдобро го опишува процесот.

**Список на печатени оригинални научни трудови во меѓународни зборници на трудови, во последните пет години:**

**12. Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2022) Fashion in the period of the 19th and 20th century in the Eastern region of the Republic of North Macedonia as an inspiration for modern fashion solutions. Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30368 Културното наследство е репрезент на стилот на живеење развиен од одредена заедница и се пренесува на идните генерации. Овој труд ја анализира облеката низ историјата во периодот во 19 и 20 век во источниот дел на Република Северна Македонија, анализира различни аспекти на облеката, а преку нивна анализа се направени современите модни трендови инспирирани од богатото културно наследство.

**13. Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2021) *Impact of the type of cutting layout on the consumption of textile material.* Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28496 Во овој труд е анализирано влијанието на кројните слики во искористување на потрошувачката на текстилниот материјал кој се користи за искројување на женски панталони со различни типови на кројни слики. Прикажан е и ефектот врз потрошувачката преку користење на повеќе конфекциски големини содржани во распоредите на кројните слики и влијанието на видот/типот на кројните слики.

**14. Risteski, Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2020) Optimizing the time of work performance in the process of sewing woman shirt. Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24502 Времето на оптимизација на шиењето е основен предуслов за постигнување квалитетно производство и обезбедување стабилен работен процес. Во рамките на овој труд е анализиран еден модел на елегантна женска кошула. Времето на шиење беше оптимизирано со правење работен план и одредување на времето потребно за извршување на операциите на шиење на моделот. Применет е и метод на тековни опсервации за статистичко набљудување на ефективна работа, планирани и непланирани загуби на време. Со користење на коефициент на дополнително време се добива реалната норма. Набљудувањето, исто така, дава резултати кои можат да доведат до избор на оптимални потенцијали

на работниците за одредени работни операции.

**15. Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2019) Textile fibers and materials for design and construction of contemporary modular vest for special (military) purposes. Contemporary trends and innovations in the textile industry. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22162 Заштитните елеци обично дефинирани како „заштитна покривна облека“ се користат за заштита на телото од физички напади во опасна околина. Во овој труд е направен избор на влакна и нова генерација на материјали кои можат да се користат при дизајнирање на современ модуларен модел на заштитен елек за потребното ниво на заштита. Се анализираат избраните материјали и се претставени нивните главни карактеристики. Прикажана е и споредба помеѓу својствата на материјалите. Дизајнот на напредниот модел е исто така многу важен, тој е спој на правилен избор на материјали и технички одлично изработена конструкција. За целите на овој труд добиен е и нов модел на заштитен елек. Новиот модел е уникатен, лесен и ги исполнува барањата на современата воена индустрија.

**16. Risteski, Sanja** and Srebrenkoska, Vineta and Demboski, Goran and Dimeski, Dimko and Zhezhova, Silvana (2018) Material utilization in the process of cutting protective vest for special purpose. In: 8th International Scientific Conference on Defensive Technologies, 11-12 October 2018, Belgrade. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20608 Во овој труд е направена оптимизација за искројување на материјалот што се користи за шиење нов напреден модел на заштитен елек за посебни намени. Материјалот што се користеше за шиење на моделот е Полиамид 6.6 со надворешен водоотпорен слој. Заштедата на материјал е од големо значење во изработката на моделот на заштитна облека бидејќи овој материјал има висока цена на пазарот. Беа направени пет различни распореди за искројување и секој од нив покажува различен процент на искористеност на материјалот. Сите кројни слики за анализираниот модел на заштитниот елек се направени во OPTITEX PDS додека распоредот за кроење е направен во софтверот OPTITEX CutPlan. Оваа софтверска програма дава можност за најоптимални решенија за обработка на одреден модел, особено во однос на пониски трошоци за материјали. Прикажани се и факторите кои имаат влијание врз процентот на искористеност на материјалот.

17. Slavkova, Emilija and **Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta (2020) The designing of composite laminates for aplication in autompotive industies. Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24506 Целта на оваа студија е да го истражи дизајнот на полимерните композитни плочи за примена во автомобилската индустрија зајакнати со термопластичен еднонасочен препрег материјал базиран на јаглеродни влакна. Производството на ламинирани композити е направено со техника на обликување со компресија. Два главни фактори се земени предвид при дизајнирање на композитите: температура на обработка и притисок на обликување. За целите на ова истражување, направени се четири конфигурации на тест примероци. Механичките својства, односно јакоста на виткање на произведените мостри беа утврдени и врз основа на тоа беа донесени одредени заклучоци.

18. Zhezhova, Silvana and **Risteski, Sanja** and Jordeva, Sonja and Srebrenkoska, Vineta (2022) *Medical textiles, possibilites and chalenges.* Zbornik radova Naučna konferencija SANUS 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30487 Сегментот на

медицински текстил е најбрзорастечкиот сектор на технички текстилен сектор. Текстилните структури кои се користат во оваа област вклучуваат предива, ткаени, плетени, неткаени текстилни материјали, текстилни композити, дизајнирани да задоволат специфични барања за хируршка интервенција, постоперативен третман и третман на рани и изгореници под стерилни услови. Иако текстилните материјали се широко прифатени за медицински и хируршки апликации, нови области на примена постојано се појавуваат. Со оглед на неизвесноста на ковид-19, пандемијата директно и индиректно влијае на медицинскиот текстил пазар. Прогнозите се дека во наредниот период потрошувачката на медицински текстилот ќе продолжи да расте. Овој труд ги прикажува можностите и предизвиците за влакнести структури од областа на медицинската и здравствената заштита. Клучни зборови: пазар на медицински текстил, влакнеста структура, материјали што не се вградуваат, имплантирани материјали, производи за здравствена заштита и хигиена.

19. Kertakova, Marija and **Risteski, Sanja** and Dimitrijeva, Vanga and Efremov, Jordan (2019) Fashion as a social phenomenon-socio-psychological mechanisms of impact. Contemporary trends and innovation in the textile industry. pp. 70-78. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22164 Модата ги исполнува сите клетки на општеството. Ако се обидеме врз основа на минатото искуство да ја споредиме модата како нешто суштинско, можеме да кажеме дека во дваесет и првиот век таа се стреми кон постепена институционализација и на тоа се приклучува полето на социологијата од една страна, а од друга страна на уметничките предмети. Таа не е само средство за демонстрација на социјалниот статус, туку и средство за влијание. Врз основа на социо-психолошките механизми на модно влијание, може да се создадат слики и ситуации кои можат да генерираат одредени идеи, од кои некои од нив се од областа на модата и кругот станува самоодржлива вечна реалност, како и општеството на кое тие му служат.

20. Zlatkov, Ivan and Zhezhova, Silvana and **Risteski Sanja** and Srebrenkoska, Vineta and Risteska, Svetlana (2019) Effect of weave of fabric and molding pressure on the mechanical properties of composite laminates. Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 391-396. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22228 Целта на оваа студија е да го истражи дизајнот на полимерните композитни плочи зајакнати со два различни типа на структури од ткаенини. Препрезите за овие композити се произведени со техника на импрегнација со рачно поставување, а производството на ламинирани композити е направено со техника на обликување со компресија. Два главни фактори се земени предвид при дизајнирање на композитите: типот на ткаење и притисокот на обликувањето. За целите на ова истражување, направени се четири конфигурации на тест примероци. Утврдени се механичките својства, односно јакоста на свиткување на произведените примероци и врз основа на тоа се донесени одредени заклучоци.

21. Dimova, Tanja and Zhezhova, Silvana and Srebrenkoska, Vineta and **Risteski, Sanja** and Risteska, Svetlana (2019) Hand lay-up vs machine impregnation of the textile structures. Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 378-384. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22227 Во овој труд со примена на технологијата за рачно положување и импрегнација, произведени се препрези со соодветни карактеристики кои дополнително се обработуваат во

композитни плочи со примена на технологија за компресија. Како зајакнувачка компонента во композитните материјали е користена ткаена структура од Е-стаклени влакна. За сите произведени композитни плочи, направена е анализа на содржината на компонентите на конституентот и процентот на празнини (%). Одредувањето на содржината на компонентите на конституентот е значајно од аспект на моделирање на својствата (механички, физички, термички или електрични) на композитната структура на кои влијае зајакнувачката компонента или матрицата. Процентот на празнините на композитниот материјал може значително да влијае на некои од неговите механички својства. Високата содржина на празнини обично значи помала отпорност на замор, поголема подложност на пенетрација на влага и атмосферски влијанија и зголемена варијација во јачината. Пожелно е да се знае содржината на празнината во композитниот материјал бидејќи тоа е значаен показател за квалитетот на композитот.

**Рецензент на 2 книги:**

22. Рецензент на ракописот „*Конструкција на женска облека*" од авторите проф. д-р Соња Ќортошева и проф. д-р Маја Јанкоска.

23. Претседател на рецензентска комисија за учебник по предметот *Технологија на конфекционирање* за III година, Текстилно-кожарска струка за образовен профил: Текстилен конфекциски техничар.

**Рецензент на 2 научни/стручни труда:**

24. Рецензент на труд со наслов: "*The emergence of fashion elements in facemasks during the early stages of covid-19 pandemic: evidence from social media part II: investigation of facemask trends among pinterest users*" Tekstilna industrija vol. 69, no 1, 2021. – автор Елена Томовска

25. Рецензент на труд со наслов "*Computer construction, modeling and fabrication of corset*" (2019) од авторите Маја Јанковска и Екатерина Петреска.

**Пленарно предавање на покана:**

26. Наслов на пленарно предавање "*Textile fibers and materials for design and construction of contemporary modular vest for special (military) purposes*". Конференција "savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji"- 2019 година.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во тек на изборниот период кандидатката ги има реализирано следниве стручно-апликативни и организациско-развојни активности:

За потребите на Технолошко-технички факултет кандидатката д-р Сања Ристески е автор на позитивно рецензирана скрипта наменета за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет.

***27. Risteski Sanja** (2022) Дизајн на заштитна облека. ISBN 978-608-244-910-4.*

**Учество во научен проект**

*Кандидатката има учество во следните проекти:*

***28. Risteski, Sanja*** *(2022) 4 Р-Редуцирај, рециклирај, реупотреби и пренамени, социјална инклузија преку кружна економија.*

***29. Risteski, Sanja*** *(2021)* Кружната економија како модел за решавање на текстилниот отпад во Општина Штип.

***30. Risteski, Sanja*** *(2021)* «Reborn» - дизајни на облека како дел од проектот „Културното наследство низ призмата на ликовната дејност".

***31. Risteski, Sanja*** *(2021) 3R (3Р) Редуцирај, реупотреби, рециклирај.*

**Успешно дејствување во соодветната област на уметноста.**

*Кандидатката ги има реализирано следните изложби и модни ревии/перформанси:*

**32. Risteski Sanja** (2022) *Отпадот не е отпад се додека го искористуваш: Завршен перформанс на студентите на ТТФ како дел од Проектот „4Р" во соработка со ФРЛЗ - Штип.*

**33. Risteski Sanja**, Golomeova Longurova Saska, Zhezhova Silvana, Jordeva Sonja (2022). *There is no Planet B. (Изложба на уникатни производи од текстилен отпад).*

**34. Risteski Sanja** (2022) *Моден викенд Скопје - Graduation Fashion Show.*

**35. Risteski Sanja** (2022) *Изложба на модели изработени од текстилен отпад.*

**36. Risteski Sanja** (2022) *No For Waste Yes for Art NO Waste Art Design.*

**37. Risteski Sanja** (2021) *Културното наследство низ призмата на ликовната дејност.*

**38. Risteski Sanja** (2021) *Моден перформанс на студентите на ТТФ на Научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република» 2021.*

**39. Risteski Sanja** (2021) *Помеѓу личноста и просторот - (не) време.*

**40. Risteski Sanja** (2021) *Филмска ревија на студентите на ТТФ.*

41. Jakimovska Jana Miloseski Slobodan, Despot Katerina, Efremov, Jordan, Dimitrijeva, Vanga, Sandeva, Vaska, Namicev Petar, **Risteski Sanja** (2021) *Културното наследство низ призма на ликовната дејност - изложба.*

**42. Risteski Sanja** (2020) *Колекција на дизајнерски заштитни маски наменети за донација.*

**43. Risteski Sanja** (2021) *"Reborn" - Manassini.*

**44. Risteski Sanja**, Despot Katerina, SandevanVaska (2021) *Видео перформанс - Помеѓу личноста и просторот (не) време.*

**45. Risteski Sanja** (2021) *Пандемизам- (креативна приказна на една on-line генерација).*

**Студиски престои и обуки во текот на кариерата:**

*Кандидатката, исто така, е ангажирана како експерт обучувач за следните обуки:*

46. **Risteski Sanja** (2022) *Обука за можностите за редуцирање, рециклирање, реупотреба и пренамена на текстилниот отпад од конфекциските индустрии.*

47. **Risteski Sanja** (2022) *Обука со луѓето со посебни потреби и нивно директно*

*вклучување во борбата за инклузија во правец на продуктивност во општеството.*

48. **Risteski Sanja** (2022) *Креативно-едукативна работилница во рамките на проектот „4Р (редуцирај, рециклирај, реупотреби и пренамени)“, поддржан од ФООМ, организирана во просториите на ЦПЛИП „Порака» - Штип.*

49. **Risteski Sanja** (2022) *“Reduce, reuse, recycle” Textile waste reuse workshop.*

*Кандидатката Сања Ристески поседува сертификат/потврда за успешно реализирани обуки:*

50. Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and **Risteski, Sanja** and Zhezhova, Silvana and Bojadziska, Slavica and Kertakova, Marija (2022) New standards to implement the 17 Sustainable Development Goals. In: Innovative and practice- oriented qualification in the field Sustainable production - Weis Consulting Assoc..

51. Golomeova, Saska and **Risteski, Sanja** and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Bojadziska, Slavica (2022) Sustainability and CSR - Basic Knowledge. In: Workshop sustainable fashion - Weis consulting.

52. **Risteski, Sanja** and Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana (2022) *Од текстилен отпад до готов производ.* In: Од текстилен отпад до готов производ, 01 Nov 2022, Stip.

53. *Кандидатката Сања Ристески со Одлука бр. 0201451/6 од 1.7.2021 година на 185. седница на Универзитетскиот сенат е избрана за визитинг професор (за 2022 и 2023 година) на Факултетот за технички науки во Чачак при Универзитетот во Крагујевац Р. Србија.*

**Членство во организации, работни тела и комисии:**

54. Член на Научниот одбор на Меѓународната конференција на тема “Modern Trends and innovation in the textile industry” - во Белград, Србија (2019);

55. Член на Научниот одбор на Меѓународната конференција на тема “Modern Trends and innovation in the textile industry” - во Белград, Србија (2020);

56. Член на Научниот одбор на Меѓународната конференција на тема “Modern Trends and innovation in the textile industry” - во Белград, Србија (2021);

57. Член на Научниот одбор на Меѓународната конференција на тема “Modern Trends and innovation in the textile industry” - во Белград, Србија (2022);

58. Член на Научниот одбор на “Casopis tekstilna industrija” издавач: Savez inženjera i tehničara tekstilaca Srbije, Beograd. ISSN 0040-2389, eISSN 2683-5665. http://scindeks.ceon.rs/journalDetails.aspx?issn=0040-2389;

59. Дописник на „Casopis tekstilna industrija” издавач: Savez inženjera i tehničara tekstilaca Srbije, Beograd. ISSN 0040-2389, eISSN 2683-5665;

60. Член на Наставно-научен совет при Технолошко-технички факултет избрана со Одлука бр. 2802-67/6 од 6.9.2011 г. (за зимски семестар) и со Одлука бр. 2802-100/4 од 31.1.2012 г. (за летен семестар);

61. Член на Комисија за спроведување на попис за 2018 година, Одлука број 0262-981/5 од 20.11.2018 година.

**Учество во меѓународни проекти - COST Action како истражувач**

**62.** Srebrenkoska, Vineta (2015-2019) COST Action FP1405: Active and intelligent fibre-based packaging - innovation and market introduction (ActInPak).

**Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци: UGDScholar**

(http://scholar.ugd.edu.mk/SanjaRisteski) AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/SanjaRisteski) ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/Sanja_Risteski) UGDAcademicRepository (http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Risteski=3ASanja=3A=3A.html)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со научната област технологија на облека и дизајн на текстил и облека, кандидатката д-р Сања Ристески ги исполнува сите законски услови за избор во звање вонреден професор.

Кандидатката д-р Сања Ристески покажува голема способност во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност што се констатира од објавените научни трудови, учество на научни конференции, обуки и учество во научни проекти во земјава и во странство, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелите кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Сања Ристески да биде избрана во звање вонреден професор од наставно-научната област *технологија на облека и дизајнирање на текстил и облека.*

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Винета Сребренкоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Димко Димески, член, с.р.
Проф д-р Соња Јордева, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори).<br>реф.1,2,3,4,5,6,7,8,9 (прв автор ≤ 5 автори)<br>реф. 10 (втор автор ≤ 5 автори)<br>реф. 11 (трет автор ≤ 5 автори) | | | 9<br>1<br>1 | 9<br>6<br>3 | **81**<br>**6**<br>**3** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир, реф.12,13,14,15,16,17,18,19,20,21 | | | 10 | 3 | **30** |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир реф.26, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба реф. 32-45 | 14 | 3 | 1 | 6 | **6**<br>**42** |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание СЦИ/ЦА/останати) реф.58 | | | 1 | 4 | **4** |
| **20** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал реф. 54,55,56,57 | | | 4 | 3 | **12** |
| **24** | Рецензент на научен труд реф.22, 23, 24,25 | 2 | 1 | 2 | 2 | **6** |
| 14 | Учесник во научен проект (макс. 3 проекти) | | | 3 | 2 | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **196** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **13** | Учесник во научен проект, реф. 62 | | | 1 | 8 | **8** |
| 15 | Стручни награди и признанија (сертификати) | 5 | 4 | | | **20** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија<br>Реф. 60,61 | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **226** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 239. седница, одржана на 21.3.2023 година, донесе Одлука бр. 1102-55/4 од 23.3.2023 година, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање во наставно-научната област *казнено право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- академик Владо Камбовски, редовен професор во пензија, член на Македонската академија на науките и уметностите (претседател)
- д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член)
- д-р Олга Кошевалиска, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за изборот на наставник во насловно звање вонреден професор во наставно-научната област *казнено право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 21.2.2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Лазар Нанев.

По прегледувањето на доставената документација од кандидатот, како членови на Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Лазар Нанев** е роден на 25 април 1969 година во Кавадарци, каде што со одличен успех го завршува основното и средното образование. На Правен факултет во Скопје се запишува во учебната 1988/1989 година како редовен студент на Правосудната насока. Откако ги положува предвидените испити, на 2 јули 1992 година дипломира на Правен факултет. Во 1998 година го продолжува образованието на постдипломските студии од областа на казненото право и криминологијата на Правен факултет во Скопје. Во периодот 2000-2002 ги положува сите испити од постдипломските студии и на 25 декември 2002 година, под менторство на проф. д-р Никола Матовски, успешно го одбранил магистерскиот труд од областа на казненото процесно право под наслов „Положбата на малолетникот во кривичната постапка”, здобивајќи се со научен степен магистер на кривично-правни науки. Докторската теза под наслов „Криминолошките аспекти на стопанскиот криминалитет”, под менторство на проф. д-р Љупчо Арнаудовски, успешно ја одбранува на 22 септември 2006 година на Правниот факултет во Скопје и се здобива со научен степен доктор на кривично-правни науки. Правосудниот испит го положува на 23.2.1996 година, а на 28.4.1998 година положува и нотарски испит.

По дипломирањето, на 1 декември 1992 година се вработува во Министерството за внатрешни работи - ОВР Кавадарци, каде што работи сè до 2002 година, кога е избран за судија во Основниот суд Кавадарци.

Во поглед на неговото академско искуство, последниот избор на насловен вон. проф. д-р Лазар Нанев е со Одлука бр.1102-113/25 од 30.8.2018 г. на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во областа на казненото право.

***Кандидатот д-р Лазар Нанев има доставено:***

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на правни науки - *научна област казнено право*) и диплома за магистер на правни науки – област казнено право;
2. Одлука за претходен избор - кандидатот д-р Лазар Нанев е избран за насловен вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со Одлука бр.1102-113/25 од 30.8.2018 година во областа казнено право.

3. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – Англиски јазик, Сертификат за познавање на странски јазик.

4. Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Закон за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

Листа:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународни научни списанија/ Меѓународни научни публикации | Год. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Petrovska, Nevena and Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar | *A new model for protection of child victims/witnesses of violence – children's house (BARNAHUS)* | International Yearbook of the Faculty of Security, 2. pp. 59-71. 2022 | од 2013 |
| 2. | Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Atanasovski, Ivan and Fetai, Fatime | *Ваучерот – начин на финансирање на спортот или извор на корупција* | Македонска ревија за казнено право и криминологија | од 1994 |
| 3. | Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Petrovska, Nevena | *Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст* | Македонска ревија за кривично право и криминологија, 26 (1-2). pp. 1-27. ISSN 1409-5327. 2019 | од 1994 |
| 4. | Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena and Rogleva, Aleksandra | *Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност.* | Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD, 6-7 September 2021, Штип. | 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Ivanova, Elena<br>and Kosevaliska, Olga<br>and Nanev, Lazar | *Криминолошка опсервација на последиците од европската мигрантска криза.* | Proceedings of 7th international conference "Social Changes in the Global World", 7 (7). pp. 251-268. 2020 | 2013 |
| 6. | Nanev, Lazar<br>and Kosevaliska, Olga<br>and Ivanova, Elena | *Компаративен осврт на пенитенцијарни услови за жената - затвореник во земјите од поранешна Југославија* | Proceedings of VI International Conference "Social Changes in the global world" Faculty of Law, UGD, 1. pp. 441-464. 2019 | 2013 |
| 7. | Lazetik, Gordana<br>and Kosevaliska, Olga<br>and Nanev, Lazar | *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016* | Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-868. 2018 | 2010 |
| 8. | Nanev, Lazar<br>and Kosevaliska, Olga<br>and Ivanova, Elena | *Бангкочките правила – lex ferenda за жената затвореник* | Fifth international scientific conference "Social change in the global world" (5). pp. 399-419. ISSN 978-608-244-548-9. 2018 | 2013 |
| 9. | Atanasovski, Ivan<br>nd Atanasovska Velickovska, Lence<br>and Nanev, Lazar<br>nd Naumovski, Milan<br>and Zafirovska, Andrijana<br>and Gonterav, Serjoza | *The impact of sociodemographic characteristics for investment in the sport in R. Macedonia* | Research in Physical Education, Sport and Health, 7 (1). pp. 3-9. ISSN 1857-8152 2018 | 2014 |

**Посебни услови:**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Лазар Нанев е избран за насловен вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр.1102-113/25 од 30.8.2018 година во областа казнено право.

Во временскиот периодот на втор избор во звање насловен вонреден професор, кандидатот ги покрива следниве предмети: Пенологија и Казнено процесно право – применета програма. На вториот циклус на студии, кандидатот ги покрива предметите Пенологија и Криминалистика. Во периодот од вториот изборот во насловен вонреден професор до денес, кандидатот е раководител на повеќе стручни и научноистражувачки проекти во рамки на факултетот, и вон него. Од 2015 година до денес е главен организатор на проект „Денови на симулирано судење“ како државен натпревар помеѓу државните правни факултети во Северна Македонија. Кандидатот е член на бројни комисии за дипломски и магистерски трудови, како и член на комисија за одбрана на докторски дисертации, како дел од наставно-образовниот процес на студентите на прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Наставно-образовна дејност***

Во наставно-образовната дејност кандидатот е автор на високошколски рецензирани учебници и на рецензирана скрипта и практикум по предметот Малолетничко казнено право, кои се дел од претходниот избор во насловен вонреден професор (Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) *Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон.* Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. ISBN 978-608-4655-53-4; Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – скрипта, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; Lazar, Nanev and Kosevaliska, Olga (2018) Малолетничко казнено право – практикум, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

За последниот избор од високошколски учебници кандидатот го има доставено учебникот:
Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar and Aleksovska Velickovska, Lence and Naumovski, Milan (2019) ***Спортски менаџмент***. Факултет за физичко образование, спорт и здравје.

***Научноистражувачка дејност***

***Во прилог на документацијата за избор во насловен вонреден проф. д-р Лазар Нанев ги достави следниве трудови:***

**I. Трудови објавени во референтна научна публикација:**

1. Petrovska, Nevena and Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar (2022) *A new model for protection of child victims/witnesses of violence – children's house (BARNAHUS).* International Yearbook of the Faculty of Security, 2. pp. 59-71.
2. Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Atanasovski, Ivan and Fetai, Fatime (2022) *Ваучерот – начин на финансирање на спортот или извор на корупција.* Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1-2.
3. Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena and Rogleva, Aleksandra (2021) *Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност.* In: Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD, 6-7 September 2021, Штип.
4. Ivanova, Elena and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2020) *Криминолошка опсервација на последиците од европската мигрантска криза.* Proceedings of 7th international conference “Social Changes in the Global World”, 7 (7). pp. 251-268.
5. Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2019) *Компаративен осврт на пенитенцијарни услови за жената - затвореник во земјите од поранешна Југославија.* Proceedings of VI International Conference “Social Changes in the global world” Faculty of Law, UGD, 1. pp. 441-464.
6. Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Petrovska, Nevena (2019) *Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст.* Македонска ревија за кривично право и криминологија, 26 (1-2). pp. 1-27. ISSN 1409-5327
7. Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev,

Lazar (2018) *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016.* Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683

8. Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) *Бангкочките правила – lex ferenda за жената затвореник.* Fifth international scientific conference "Social change in the global world" (5). pp. 399-419. ISSN 978-608-244-548-9

9. Atanasovski, Ivan and Atanasovska Velickovska, Lence and Nanev, Lazar and Naumovski, Milan and Zafirovska, Andrijana and Gonterav, Serjoza (2018) *The impact of sociodemographic characteristics for investment in the sport in R. Macedonia.* Research in Physical Education, Sport and Health, 7 (1). pp. 3-9. ISSN 1857-8152

Во прилог на документацијата, а согласно со **Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**, кандидатот достави скрипта и практикум по предметот Малолетничко казнено право.

**II Книга:**

10. Kambovski, Vlado and Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Arifi, Besa and Saiti, Dzemali (2018) *Коментар на Законот за правда за децата со практикум.* Коментар на Законот за правда за децата со практикум, 1 (1). Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Skopje. ISBN 978-608-66233-0-2

**III. Монографии**

11. Lazetic, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2022) *Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија.*

12. Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Frichand, Ana and Fetai, Fatime (2022) *Спорт, идентитет и глобализација.* Геостратешки институт Глобал, Скопје. ISBN 978-608-65474-5-5

13. Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Fatime, Fetai (2022) *Ваучерот, начин на финансирање на спортот или извор на корупција - истражување.* Геостратешки институт Глобал, Skopje.

14. Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar and Petrovska, Nevena (2022) *Акти за спроведување на третманот и постапувањето со децата во воспитно-поправен дом.*

15. Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar and Petrovska, Nevena (2021) *Годишен извештај за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапнишво во 2020 година.*

16. Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar and Petrovska, Nevena (2020) *Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет.* OSCE Mission to Skopje. ISBN 978-608-66233-1-9

**IV. Докторска дисертација:**

Нанев, Лазар (2006) „Криминолошките аспекти на стопанскиот криминалитет", PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први".

**V. Меѓународни и домашни проекти:**

17. *Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија.* Проект - Mediate, do not hesitate, Embassy of the Kingdom of the Netherlands in Skopje), European Policy Institute (EPI) – Skopje (2022).

18. Sports Summit TODAY'S SPORT 2022, Geostrategic Institute GLOBAL, Skopje.

19. *Акти за спроведување на третманот и постапувањето со децата во воспитно-поправен дом.* (2022)

20. *Годишен извештај за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапнишво во 2020 година.* (2021)

21. Protocol for work of the inter-sectoral teams with child victims of abuse, neglect and violence, expert workshop, SPPMD and UNICEF, Skopje, 2021.

22. Engineering tools for youth justice, UNICEF and Youth Educational Forum, 09.2021-09.2022.

23. Support, prevention and protection of children within the juvenile justice system, SPPMD and UNICEF, Skopje, 01.06.2021-31.10.2022.

24. Advancing digital capability in Courts to enable efficient and transparent adjudication and better access to justice, Project Name and Number: Strengthening the Rule of Law and Human Rights in North Macedonia (Project No. 2600983), Rule of Law and Human Rights Section, OSCE Mission in Skopje, 21 May – 21 December 2021.

25. Capacity Building for Protection of Children's Rights in the Digital World, under OSCE (2600965) "Support North Macedonia in advancing Rule of Law and Human Rights", Council for Prevention Against Juvenile Delinquency (SPPMD), August – November 2020.

26. Strengthening the process of rehabilitation and reintegration of children in the system of justice for children, Expert, Council for Prevention of Juvenile Delinquency – SPPMD, UNICEF, Skopje, July-December 2020.

27. Prevention of juvenile delinquency, Macedonian Penitentiary Society, Grant: Civica Mobilitas, Action Grants, Ref. CM-AKT-05, July 2020 - January 2021

28. Drafting Rulebook on the manner of conducting disciplinary proceedings of members of the prison police and the form for secret ballot and Rulebook on the content and form of the annual report on adopted measures, HF Action "Enhancing the capacities of the penitentiary system and the external oversight mechanism in North Macedonia", Working group meeting, Skopje, 5-6 March 2020.

29. Justice for children in context of antiterrorism, Promoting of the Neuchatel Memorandum on Juvenile Justice Offender in the context of the fight against terrorism at the Global Anti-Terrorism Forum (GTFC), SPP\MD, April – May 2019;

30. 2018 - 2022 Денови на симулирано судење, Амбасада на САД во Северна Македонија.

Кандидатот е член на Здружението за казнено право и криминологија и еден од основачите и член на извршен одбор на Македонското пенолошко друштво.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

Petrovska, Nevena and Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar (2022) *A new model for protection of child victims/witnesses of violence – children's house (BARNAHUS).* International Yearbook of the Faculty of Security, 2. pp. 59-71.

Во трудот авторите ги анализираат насилството и злоупотребата на децата како сериозни закани по животот, здравјето и благосостојбата на децата. Авторите сметаат дека е потребно државата да иницира и да преземе активности кои би обезбедиле поголема заштита на децата, особено во развојот на услуги за заштита на деца од секундарна виктимизација, која не е последица на насилниот чин против самото дете, но последица на несоодветно однесување на институциите во системот на заштита на овие деца. Воспоставување на модел на детска куќа - Барнахус се дискутираше во Република Северна Македонија во последните неколку години, како нов пристап во постапувањето со институциите во случаи кога детето е жртва/сведок на насилство. Овој модел би им овозможил на сите релевантни институции кои се надлежни да преземаат мерки во случаи кога децата се жртви/сведоци на насилство, како на пример полицијата, центарот за социјални работи, здравствените работници, обвинителството.
Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Atanasovski, Ivan and Fetai, Fatime (2022) *Ваучерот – начин на финансирање на спортот или извор на корупција.* Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1-2. Во овој труд авторите обработуваат особено важна тема која се однесува на финансирањето на спортот за неговото ефикасно функционирање и егзистирање. Со започнувањето на институционална активност за преструктурирање на спортскиот систем од интервенистички во неинтервенистички модел, се гледаше како можност за негово редефинирање и подобрување на базичните сегменти на спортскиот систем: игра, резултати, структура и менаџмент. Со измени во законскиот дел, кои се однесуваа на даночното олеснување при донирање финансиски средства во спортскиот систем, се воспостави систем што овозможи државата преку институциите надлежни за спортот да започнат со издавање ваучери за даночно ослободување, како начин за финансиска поддршка на спортските федерации и клубови.

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena and Rogleva, Aleksandra (2021) *Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност.* In: Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD, 6-7 September 2021, Штип.
Во овој труд авторите ги обработуваат организираните и индивидуалните облици на однесување кај децата со кои се кршат општоприфатените правни и морални вредности во општествената заедница, манифестираат растечки тренд во изминатите години. Во современи услови, детското престапништво бележи поголемо учество во севкупниот криминалитет од порано, а истовремено се карактеризира со исклучително брза динамика на пораст и квалитативно нови, потешки облици на напад врз заштитените општествени добра. Авторите заклучуваат дека кога станува збор за половата застапеност на деликвентните поведенија кои ги манифестираат децата, општопознат факт е дека учеството на момчињата во вкупниот обем на детско престапништво е значително поголемо во споредба со она на женските лица. Ова генерално се должи на разликите што постојат во биопсихолошките карактеристики кај момчињата и девојчињата, но и различното обликување и третман на општествените улогите што ги имаат припадниците на двата пола. Полот како социодемографска карактеристика има особено значење во објаснувањето на феноменологијата на

детското престапништво. Во трудот е даден фокус на основните феноменолошки карактеристики на детското престапништво во Република Северна Македонија, преку призмата на половата диференцијација која предусловува вакви поведенија, како би се утврдиле основите на соодветна општествена реакција и превенција.

Ivanova, Elena and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2020) *Криминолошка опсервација на последиците од европската мигрантска криза.* Proceedings of 7th international conference «Social Changes in the Global World», 7 (7). pp. 251-268.

Во овој труд авторите ја елаборираат 2015 година која донесе мигрантска криза во која иако мигрантите претендираа влез во некоја од земјите на Европската Унија, истата не ги заобиколи и земјите кои не се членки на ЕУ, а се наоѓаат на европска територија. Конкретно нашата земја согласно со местоположбата се најде како дел од најкористената рута – Западнобалкансата рута, за транзит до посакуваната дестинација. Проблемите од кривично-правен аспект особено се засилија по затворањето на рутата во март 2016 година, што придонесе за засилување на обидите за нелегален влез, дури и по цена инволвирање во вршење кривични дела. Рутата сѐ уште остана атрактивна, за разлика од алтернативите кои не се проодни како неа, и иако затворена се користеше илегално. Така и се засилија вршењата на кривичните дела од мигрантиите и кон мигрантите, кое пак ги направи жртви и на неколкукратни сериозни повреди на човековите права и слободи. Особено вршењето на делата трговија со луѓе и шверцување мигранти, како особено потешки и попроблематични за откривање, препознавање и сузбивање. Перманентната анализа на материјата, до денешен датум, е особено потребна заради спречување на исти и слични пракси во иднина. Затоа во трудот ќе дадеме краток криминолошки осврт на кривично-правните последици кои ги остави кризата, односно најтешките сторени кривични дела трговија со лица и шверцување мигранти.

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2019) *Компаративен осврт на пенитенцијарни услови за жената - затвореник во земјите од поранешна Југославија.* Proceedings of VI International Conference «Social Changes in the global world» Faculty of Law, UGD, 1. pp. 441-464.

Во овој труд авторите даваат приказ на пенитенцијарната установа и затвореничкото општество кога жена се јавува како осуденик. Жената не без причина е именувана како понежен пол и во криминологијата, од извршувањето на кривичните дела, вид, начин па сѐ до нејзиното казнување, и затоа би било особено погрешно доколку искуствата на мажите затвореници, како побројни, ги пресликаме и ги земеме како општи за сите затвореници воопшто. Жените се далеку помалубројни во однос на вкупните затвореници насекаде во светот, но многу поинаку го доживува лишувањето од слобода, целокупното издржување на казната и последиците од неа, па затоа и неминовно е одвоеното разгледување. Она кое притоа се наметнува како нужно е анализирање, пред сѐ, на условите во и под кои жената ја издржува затворската казна. Подолу следи компаративен приказ за условите под кои жените од земјите во поранешна Југославија ја издржуваат затворската казна, како и заклучоците за тоа колку сите земји имаат еволуирано низ годините во остварување на минималните права на жените-затворенички

Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Petrovska, Nevena (2019) *Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст.* Македонска ревија за кривично право и криминологија, 26 (1-2). pp. 1-27. ISSN 1409-5327.

Авторите во овој труд ги рефлектираат и прикажуваат заканите и опасностите од насилниот екстремизам и од тероризмот кои претставуваат реалност во која децата поради возраста, недоволната зрелост и сугестибилноста се најранлива категорија што треба да биде заштитена и треба да се преземат мерки за рано откривање на опасноста од радикализација заради нејзино успешно спречување. Со оглед на фактот дека ризиците за радикализација се многукратно зголемени и како резултат од влијанието на интернетот и на социјалните медиуми, кандидатите го анализираат Меморандумот од Нушател како добра практика.

Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018) *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016.* Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683.

Во овој труд авторите даваат статистичка анализа на феноменологијата на детската деликвенција во периодот од 10 години од 2006 до 2016 година со цел да прикажат кој вид криминал е најчест за детското престапништво.

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) *Бангкочките правила – lex ferenda за жената затвореник.* Fifth international scientific conference «Social change in the global world» (5). pp. 399-419. ISSN 978-608-244-548-9.

Во трудот се анализираат родовите специфики, кои налагаат потреба за „уживање“ на посебни животни услови во пенитенцијарните установи од страна на жената. Институциите се моделирани така што ќе ги задоволат потребите на примарните затвореници – мажите. Потребата од уважувањето на родови разлики, на меѓународно ниво се начнати уште во Стандардните минимални правила на ОН за постапување со затворениците, но вистински прв меѓународен документ, кој се занимава со положбата на жената во системот на извршување на кривични санкции и кој вистински ја потенцира родовата разлика, се Бангкочките правила. Иако донесени во форма на Резолуција, без мандаторен карактер, тие сепак претставуваат сериозен насочник за подигнување на стандардите во затворот и целокупниот третман на жените затворенички.

Atanasovski, Ivan and Atanasovska Velickovska, Lence and Nanev, Lazar and Naumovski, Milan and Zafirovska, Andrijana and Gonterav, Serjoza (2018) *The impact of sociodemographic characteristics for investment in the sport in R. Macedonia.* Research in Physical Education, Sport and Health, 7 (1). pp. 3-9. ISSN 1857-8152.

Во трудот се испитува дали има влијание врз ставот и мислењето кај нашите граѓани за општите политики за инвестирање и развој на спортот во Македонија. За таа цел авторите направиле испитување на 121 испитаници од различен пол, возраст, моментален брачен статус, животен стандард и сл. Истражувањето е спроведено на дел од територијата на Република Македонија. Во истражувањето беа поставени 5 социодемографски варијабли, во зависност од тоа каде најголемиот дел од државата треба попрецизно да инвестира во кој од спортовите да ги насочува финансиите собрани од даночните обврзници.

**Книга:**

Kambovski, Vlado and Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Arifi, Besa and Saiti, Dzemali (2018) *Коментар на Законот за правда за децата со практикум.* Коментар на Законот за правда за децата со практикум, 1 (1). Совет за превентива против малолетничка деликвенција, SKopje. ISBN 978-608-66233-0-2

Коментарот е настанат низ заедничките расправи за решенијата на Законот низ која се проверувани неговите одредби, коментирани се судски и јавнообвинителски одлуки, мерки и активности на центрите за социјална работа и други органи и се давани забелешки и сугестии за нивно подобрување, како и за остварување на претпоставките за нивната ефикасна примена. Подготвуван врз таква основа, придружен и со соодветен прирачник во кој се содржани обрасци за одлуки и мерки што ги донесуваат надлежните институции, Коментарот треба да им послужи на сите што го применуваат Законот за правда за децата, а со своите објаснувања, упатување на соодветни ставови на судската и друга практика, да придонесе за неговата поефикасна примена. Покрај авторите и сите учесници кои учествуваа во расправите за Законот, клучна улога во настанувањето на Коментарот има несомнено УНИЦЕФ, како поттикнувач на целиот нов концепт на правда за децата од самите почетоци на неговото обликување пред повеќе од петнаесетина година, иницијатор за законските реформи и постојан набљудувач на целиот процес на оживотворување на системот на правда за децата во согласност со меѓународните конвенции, норми и стандарди.\

**Монографија**

Lazetic, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2022) *Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија.*

Анализа за примената на медијација во Северна Македонија подготвена во рамките на проектот „Медијација, без дилема“ кој го спроведува Институтот за европска политика (ЕПИ)- Скопје во соработка со Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Комора на медијатори на Република Северна Македонија и Холандска федерација на медијатори. Проектот е финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Анализата за примена на медијацијата е поделена на два дела. Првиот дел се однесува на теоретската анализа на медијацијата, законските решенија за медијацијата и релевантното законодавство од граѓанска, кривична област, како и законодавството за деца. Вториот дел се однесува на квантитативната анализа на примената на медијацијата во практиката од сите релевантни чинители – судовите, обвинителството, медијаторите, приватниот сектор.

Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Frichand, Ana and Fetai, Fatime (2022) *Спорт, идентитет и глобализација.* Геостратешки институт Глобал, Скопје. ISBN 978-608-65474-5-5.

Оваа книга е производ на долгогодишно теориско и емпириско искуство во доменот на спортот, глобализацијата и идентитетот, како и во градењето на националниот идентитет преку спортот. Една од нејзините главни цели е спроведување на национално истражување за да се утврди нивото на разбирање

на групниот идентитет кај граѓаните и да се испита влијанието на успесите на државните репрезентации на во нашата држава врз јакнењето и промоцијата на националниот идентитет. Дополнително, проценета е релативната важност на поддршката на наведените спортски тимови во однос на регионалните и религиските идентитети, кои се исто така изразени во нашата држава, како составен дел на националниот идентитет. Поради ова, испитани се четири групни идентитети, поточно идентитетот на државните репрезентации, регионалниот, религискиот и националниот идентитет.

Atanasovski, Ivan and Nanev, Lazar and Lazetic, Gordana and Fatime, Fetai (2022) *Ваучерот, начин на финансирање на спортот или извор на корупција - истражување.* Геостратешки институт Глобал, Skopje.

Книгата „Ваучерот како начин на финансирање на спортот или извор на корупција" е изработена како истражување во рамките на научноистражувачки проект насловен како „Ваучерот како начин на финансирање или корупција во спортот". Ова истражување започна заради остварување на неколку цели, коишто поради поголема прегледност се претставени во посебните делови од текстот: Првата цел е да се проучи легислативната рамка релевантна за финансирањето на спортот; втората цел е да се истражи ефективноста на системот и практиката при реализацијата на ваучерите; Третата цел е да се сумираат заклучоци и согледувања и да се понудат предлози за надминување на согледаните слабости и предизвици кои се однесуваат на начинот на реализација на ваучери за даночно ослободување.

Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar and Petrovska, Nevena (2022) *Акти за спроведување на третманот и постапувањето со децата во воспитно поправен дом.*

Документот ги содржи актите за спроведување на третманот и постапувањето со децата во воспитно поправен дом. Истиот е изработен во рамките на проектот Advancing the Justice for Children спроведен од СППМД - Кавадарци а со поддршка на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ги спроведуваат актите.

Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar and Petrovska, Nevena (2021) *Годишен извештај за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2020 година.*

Годишниот извештај на ДС дава преглед на состојбата со правата на децата и детското престапништво на Република Северна Македонија во 2020 година, постигнатиот напредок во однос на препораките од претходниот извештај, клучните предизвици и насоки за нивно надминување. Во извештајот се содржани податоци за остварување на правата на децата, нивната заштита и реализираните превентивни мерки од страна на институциите. Извештајот, исто така, дава осврт на работата на ДС во текот на извештајната година и предлага решенија кои ќе ја подобрат неговата работа. Во тековната година, ДС ги следеше и документираше состојбите врз основа на 32 стандардни индикатори, развиени според меѓународни стандарди, земајќи ги предвид националните приоритети и специфичности. Извештајот е изработен во рамките на проектот воден од СППМД – Кавадарци, а со поддршка на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

Lazetic, Gordana and Nanev, Lazar and Petrovska, Nevena (2020) *Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет.* OSCE Mission to Skopje. ISBN 978-608-66233-1-9.

Изработката на посебна „Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет" се наметна како неопходна во услови на подолготрајна пандемија на корона вирусот, со наложени ограничувања во движењето, контактите, со нов начин на живот, нови облици на дигитална социјализација, но и поради ризиците коишто се мултиплицираат во т.н. „ново секојдневие".

**Приказ на докторската дисертација на д-р Лазар Нанев со наслов:**

„Криминолошки аспекти на стопанскиот криминалитет" содржи воведни напомени, осум глави и заклучни согледувања со предлози де леге ференда. Дисертацијата опфаќа текст од вкупно 306 компјутерски печатени страници, со големина 12 за основниот текст и 10 за текстот во фуснотите, проред 1.5, со вкупно 350 фусноти и 5 страници содржина. Кон основниот текст на дисертацијата е придодаден преглед на цитираната литература со вкупно 207 библиографски единици.

Основниот текст на дисертацијата (284 страници) е систематизиран во вовед, осум одделни глави и заклучни согледувања со предлози за идни измени во законодавството:

- *воведниот дел* - насловен како Општественото и научното значење на стопанскиот криминалитет ги содржи општиот пристап кон насловот на трудот, општественото и научното значење на стопанскиот криминалитет, предметот на проучување, целите на трудот и методолошкиот пристап во анализата и изведувањето на заклучоците;

- *Првата глава - Поим и основни карактеристики на економските системи* (стр. 33 - 47) - започнува со пристапот во дефинирањето на стопанскиот систем и неговите субјекти. Авторот прави анализа на економските системи од апкет на концептот на глобализацијата на современото општество кое има најдиректно влијание врз концептот на стопанскиот систем и неговото функционирање.

- *Втората глава - Поим и развој на концептите за стопанскиот криминалитет* (стр. 47-86) - авторот прави анализа на повеќе дефиниции за стопанскиот криминалитет, настанати во различни периоди, пред сѐ дефинирање на стопанскиот криминалитет како неопходност за самото истражување. Во дефинирањето на стопанскиот криминалитет авторот се осврнува критички најпрво на поимот на стопанскиот криминалитет во граѓанската криминологија , а потоа и на поимот на стопанскиот криминалитет во теоријата и законодавствата на источноевропските земји каде што стопанските системи врз кои се градеа овие теории за стопанскиот криминалитет се распаднаа. Вториот дел од оваа глава се однесува на анализа на стопанскиот криминалитет во Русија и анализираните прашања кои се однесуваат на тоа, во која мера тој е откриен и кои се штетните последици и жртвите од него и на сфаќањето за стопанскиот криминалитет во теоријата и законодавството на поранешна СФРЈ. Теоретската анализа на поранешниот стопански систем и неговата специфичност и дефинициите кои ги има дадено научната мисла во поранешна СФРЈ, му овозможуваат на авторот

единствено следење на стопанскиот криминалитет и неговото согледување за трансформацијата на економскиот и на политички систем,преку напуштање на концептот за заштита на стопанскиот систем и воспоставување на нов концепт за заштита на правото на сопственост. Врз основа на направената анализа авторот во трудот дава криминолошка и кривично-правна дефиниција на стопанскиот криминалитет.

- *Трета глава - Стопанскиот криминалитет и другите облици на криминалитет* (стр. 87-113) - излагањата започнуваат со објаснувањата на односот на стопанскиот криминалитет со другите видови на криминалитет со кои има не само заеднички етиолошки основи туку и феноменолошки карактеристики.

- *Четврта глава – Казнено-правен пристап кон стопанските деликти* (стр. 113-120) -авторот прави анализа на стопанските престапи и стопанските прекршоци како повреди на правилото за стопанско и за финансиско работење и анализа на позицијата на правните лица во казненото право барајќи одговор на прашањето за одговорност или не на правните лице.

- *Петта глава - Меѓународно-правна рамка за спречување на стопанскиот криминалитет* (стр. 121-132) - авторот прави анализа на меѓународните документи, на нивното значење во борбата за спречување на стопанскиот криминалитет, како и на прашањето за уредување на домицилното законодавство со конвенциите и со меѓународните стандарди. Посебно внимание посветува на значењето на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, Конвенцијата на ОН против корупцијата, Конвенцијата за перење на пари, откривање, замрзнување и за конфискација на приносите од криминалот (Стразбурчка конвенција), Казнена конвенција за корупцијата и Цивилната конвенција за спречување на корупцијата. Авторот се погрижил, секогаш кога тоа е можно, теоретската анализа на одделните правила да биде проследена со анализа и споредување на податоците од националните законодавства и практика во државите членки на Советот на Европа.

- *Шеста глава – Феноменологија на стопанскиот криминалитет* (стр. 133-213) - е, всушност, и најобемен дел од трудот во кој авторот се занимава и прави анализа на начинот на кој се манифестира казненото дело. Во првиот дел од оваа глава авторот ги анализира феноменолошките карактеристики на стопанскиот криминалитет согледани преку неговата прикриеност и темната бројка, неговата сложеност и динамичност, и специјализацијата и професионализацијата на извршителите. Посветува посебно внимание и прави анализа на новиот концепт и облиците на економскиот криминалитет во Европа, кој го третира како резултат од зголемување на економската глобализација. Во вториот дел од главата авторот прави анализа на појавните облици со посебен осврт на незаконитостите во приватизацијата, измамата при увозот-извозот, даночните измами и јавните набавки и посебно ја анализира сивата економија како посебен облик на стопански криминал, притоа изведувајќи заклучок дека сивата економија сериозно го разорува и доведува во прашање ефективното раководење со економијата. Во третиот дел авторот преку статистички податоци го следи движењето на стопанскиот криминалитет и од направената анализа го изведува заклучокот дека стопанскиот криминалитет се јавува како најраспространет начин на криминално дејствување и нарушување на законитоста во државата.

- *Седма глава – Етиологија на стопанскиот криминалитет* (стр. 213-244) - авторот прави анализа на причините кои довеле до стопанскиот криминалитет со посебен осврт на приватизацијата како грабеж и уништување на македонското стопанство со изведување на заклучок дека промените што со себе ги донесе транзицијата во РМ, промените во политичкиот правниот и стопанскиот систем, доведоа до распаѓање на стопанскиот систем, до растурање на претпријатијата во општествена и државна сопственост со висок степен на несигурност за живеење на граѓаните, изразена преку осиромашување на населението, висок степен на невработеност, стагнација во економскиот развој.

- *Осма глава – Систем за отстранување и за превенција на стопанскиот криминалитет* (стр. 245-284) – во првиот дел од оваа глава авторот прави анализа на превентивните стратегии на Советот на Европа и на Европската Унија како основни старатешки правци. Во вториот дел се претставени основните постулати на превенцијата во Република Македонија, со констатација дека во целиот транзициски период отсуствува добро осмислен и научно фундиран концепт за борба против стопанскиот криминалитет. Посебно ја анализира казнената политика со заклучок од потребата за поострување на казнената политика за кривичните дела од областа на стопанскиот криминалитет.

- *Заклучните согледувања* со предлози де леге ференда (стр. 285-295) - сумарно ги содржат согледувањата до кои дошол авторот при анализа на одделните прашања, при што од особена важност се предлозите што тој ги дава за измени и дополненија на националното законодавство и посебно активностите за борба против стопанскиот криминалитет и потребата од донесување на Национална стратегија за борба против стопанскиот криминалитет.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот проф. д-р Лазар Нанев е член на работните групи формирани од Министерството за правда, за следните области:

31. Член на Работна група за изготвување на нов Закон за кривична постапка (2019- 2023)
32. Член на Работна група за ревидирање на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор со Акциски план, Министерство за правда
33. Член на Работна група за изготвување нов Закон за извршување на санкции.
34. Член на Работна група за изготвување нов Закон за правда за децата.
35. Член на работна група за изработка на Закон за управување и движење со предметите.
36. Член на работа група за изработка на Судски деловник.
37. Член на Работна група за изготвување на законите од казнено-правна област согласно со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор и имплементирање на механизмот за надворешна контрола.
38. Претседател на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.
39. Претседател на Спортскиот арбитражен суд при Македонскиот олимписки комитет.
40. Претседател на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ,

Во своето работење бил координатор на бројни домашни и меѓународни научноистражувачки проекти, кои претежно се занимаваат со прашања поврзани со казненото право, реформата на казнено-правниот систем, пенитенцијарното право, состојбите во казнено-поправните установи, заштитата на човековите права, делата и говорот на омраза и слично.

Во периодот од 2019 до 2023 год. бил на неколку значајни студиски престои и тоа:

- Малта - Нушетал меморандум 2019,
- Турција, Анкара, 5-9 април 2021 година, Студиска посета на Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители и Директоратот за информатичка технологија,
- Париз, Франција, 3-6 ноември 2021 година, Студиска посета, Академија за судии и јавни обвинители,
- Осло, Норвешка, 5-9.10.2022 година, Judicial Reform Programme for the Wester Balkans.

Во периодот од последниот избор 2018 до 2023 ги има остварено следните предавања на стручни и научни собири:

41. Предавање како key speaker на Меѓународната конференција општествените промени во глобалниот свет на тема Дигитализација во кривичните постапки, 2020 година во организација на Правиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.

42. Именување на стечајните управници по Електронска метода во стечајните постапки-досегашни искуства и перспективи, Комора на стечајни управници, Охрид - предавач.

43. Времетраење на кривичните постапки, Причини, предизвици и солуции, Министерство за правда, Здружение за кривично право и криминологија, Амбасада на САД, Хотел „Хилтон“, Скопје

44. Далечинските судења во модерното правосудство - предизвици и можности во Северна Македонија, ЦЕЕЛИ Институт Прага, Академија за судии и јавни обвинители, Скопје, Дигиталните технологии и далечинските судења во правосудството, компаративни искуства и дилеми, предавач проф. д-р Лазар Нанев.

45. Mapping the state of play of digitalization of justice in the western Balkans, Skopje, Regional Cooperation Council, Experience from digitalization process of the Judiciary of N.Macedonia, prof,dr Lazar Nanev.

46. Регионална конференција, Понатамошни едукативни приоритети, цели и предизвици на правосудните академии, Скопје, Академија за судии и јавни обвинители, ОБСЕ.

47. 82 Средба на правници, Здружение на правници, Охрид, излагање на тема: Новите аспекти на ЗКП и концептот на дигитализација на кривичната правда.

48. Internacional seminar: Fighting enivromental crime (waste and wildlife trafficking), Ecole nationalede la Magistrature, Paris.

49. Регионална отворена дебата, „Дигитално правосудство - нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем", 13.10.2021, Скопје, ЕПИ,Јавна соба.

50. Охридска школа на природно право, Основи на реформата на правниот систем во РСМ и еколошката правда, МАНУ, Амбасада на САД, излагање, Правна и судска заштита на животната средина.

51. Влијанието на мерит системот врз судската независности и професионалност во С. Македонија, Излагач на тема, Дали е потребен Ветинг во судството или пак соодветна методологија за оценување на судиите, Амбасада на САД, Коалиција за правично судење, Хотел „Солун", Скопје.

52. Подобрување на односите меѓу судовите и медиумите, научени лекции, преземени чекори и идни предизвици, Амбасада на САД, Скопје, Хотел „Александар Палас", ЗСРМ, Судско-медиумски совет.

53. Финансиските аспекти на реформите во судството, ЕПИ, Скопје, проект Враќање на довербата на граѓаните, ЗООМ платформа.

54. Обука за обучувачи, Амбасада на САД во Скопје, Академија за судии и јавни обвинители.

55. Дигитализација на кривичната и граѓанската правда во ЕУ, Академија за судии и јавни обвинители,|LIPA, Luxemburg.

56. Онлајн студиска посета во Бугарија, Партнерство „Јустиција", Враќање на довербата на граѓаните, 15.6.2021 година, панелист, Институт за Европска политика, Скопје, Асоцијација „Зенит".

57. Конференција за ефикасноста на работата на судиите и судската администрација, панелист на тема Влијанието на ИКТ врз ефикасноста и ефективноста на работата на судската служба, Центар за правни истражувања и анализи, Институт за човекови права, Скопје,11.6.2021 година, Хотел „Александар Палас", Скопје

58. Обука за ресторативна правда и медијација за слушателите на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители, 18-20 мај 2021 година, ЕПИ, Комора на медијатори на РСМ, Академија за судии и јавни обвинители, тема- Медијацијата согласно со Законот за правда за децата.

59. Анализа за употреба на напредните алатки во судството, ОБСЕ, Академија засудии и јавни обвинители, Министерство за правда, Здружение за кривично право и криминологија, среда, 10 февруари 2021 година, излагач проф. д-р Лазар Нанев, тема „Осврт на клучните резултати, заклучоци и препораки во анализата за употреба на напредни електронски алатки во судството".

60. Зајакнување на антикорупцијата во Југоисточна Европа преку подобрување на мерките за заплена на средства, 9 Февреуари 2021 година Регионален проект, Webinar, Effective asset recovery: Legal standards, chsllenges and good practices, organizers, AIRE Centre and Regional Anti-Corruption intitiative RAI with support od the UK government.

61. Регионална отворена дебата – „Колкава е довербата во правосудниот сектор", ЕПИ, Скопје, 14 октомври 2020 година, Хотел „Холидеј ин", Скопје, панелист – „Клучните реформски процеси во правосудството и потребата за унапредување на довербата во правосудниот систем".

62. Четврта работилница „Одговорност, ефикасност и транспарентност во судството" – „Проект – Заедничка заложба за подобри достигнувања во судството", Хотел „Гарденија", Велес, 1.10.2020, Центар за правни истражувања и анализи, Институт за човекови права, панелист – Транспарентноста на судството, градењето на интегритетот на судиите и АКМИС – функционалност на системот за автоматска распределба на предметите, Дисциплинска наспроти етичката одговорност на судиите како сегменти на отпочнатиот процес на реформи на судскиот систем.

63. Поддршка за реформа на правосудниот систем „Менаџирање со судовите," 29 јуни 2020 година, Хотел „Мериот", Скопје, „Улогата на претседателот на судот во менаџирање со судовите", Академија за судии и јавни обвинители, Проект ИПА, НИРАС, Планет.

64. Национална конвенција за Европската Унија во РСМ, Реforсмки идеи за прочистување на правосудството низ призмата на постоечките механизми, Скопје, 2 декември 2020 година, Европско движење на РСМ, Поглавје 23, Правосудство и основни права.

65. Значење на медиумите за судството, Скопје, јуни 2020 година.

66. Размена на судски искуства меѓу САД и РСМ, Виртуелна судница, 2 мај 2020, Академија за судии и јавни обвинители, Амбасада на САД.

67. Онлајн судења во време на пандемијата на Ковид-19, Легислативни и информатички пречки и предизвици, 11 декември 2020 година, презентер, Искуствата со онлајн судењата во РСМ, Амбасада на САД, Здружение за кривично право и криминологија, Академија за судии и јавни обвинители и CEELI institute Praga.

68. Меѓународниот ден за борба против корупција, виртуелниот настан на Амбасадата на САД по повод на 9 декември, 2020,

69. Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во РСМ, Системот за оценување на судиите во однос на назначување во повисоки судови, унапредување и дисциплински санкции, Скопје, 24 декември 2020 година, Амбасада на САД, Коалиција за правичнпо судење.

70. Зајакнување на капацитетите и функционалноста на судско-медиумскиот совет, работилница, Правосудство, судски медиумски совет и медиуми, 2 декември 2019 година, Скопје, ТЦЦ Гранд „Плаза", Амбасада на САД, Здружение на судии на РМ.

71. Улогата на правните професии во отворањето на поглавјата 23 и 24 од Европското aquis, 6 декември 2019 година, Хотел „Александар Палас", Скопје, Мисија на ОБСЕ Скопје, Здружение за кривично право и криминологија, модератор, излагач.

72. Advancing Human Rights – спречување на говор на омраза и криминал од омраза на спортските терени, Мисија на ОБСЕ, ноември 2019 година, национален експерт, Крушево, Попова Шапка.

73. Подобрување на механизмите за зајакнување на судската етика – споделување на најдобрите практики во регионот и ЕУ, завршна конференција, Скопје, 29 ноември 2019 година, Амбасада на Холандија, Здружение на судии на РМ.

74. Конференција, Проширување на акцијата за ставање крај на насилството врз децата на Западен Балкан, УНИЦЕФ, 28 и 29 ноември 2019 година, Скопје, Хотел „Дабла Три Хилтон".

75. Меѓународен ден за толеранција, Ефектот од имплементација на Конвенцијата за правата на детето, МАНУ, среда 20 ноември 2019 година, излагач на тема „Процесната положба на децата жртви".

76. Конференција „Искуствата и практичните аспекти на финансиските истраги и примената на мерката конфискација на имот и имотна корист", Скопје, 26 ноември 2019 година, Х. „Хилтон", Скопје, Амбасада на САД, Здружение за кривично право и криминологија.

77. 5 денови на симулирано судење, Правен факултет - Штип, 21 ноември и 5.12.2019 година, Амбасада на САД.

78. Конференција „Коалиција за правично судење", 5 ноември 2019 година, Скопје, Хотел „Холидеј Ин", излагач на тема „Неоткажувањето на жртвата од кривичен прогон".

79. Дијалог за јавните политики „Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година", Хотел „Арка", Скопје, 12.12.2019 година, ЕПИ, излагање на тема „Концепцијата на Законот за правда за децата – предности, слабости и клучни предизвици".

80. Работилница „Зајакнување на капацитетите и функционалноста на Судско-медиумскиот совет на РСМ", Правни искуства за новинари, дел 2 Правосудство, кривична правда и медиуми, 10.12.2019 година, Хотел „ТЦЦ Гранд Плаза", Скопје, Амбасада на САД.

81. Петта школа на природно право, Предизвиците во реформата на правниот, политичкиот и безбедносниот систем во РСМ, 30 јуни-7 јули 2019 година, Охрид, Амбасада на САД, МАНУ, ЗКПК, Предизвици на реформата на казненото право, проф. д-р Лазар Нанев, предавач.

Од досега изнесеното, како и од обемната научноистражувачка, како и стручно-апликативна биографија на кандидатот д-р Лазар Нанев, со задоволство го поднесуваме следниот

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатот насл. вон. проф. д-р Лазар Нанев, објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународно научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска работа, и врз основа на севкупната негова активност од вториот избор во насловен вонреден професор до денес, заклучи дека д-р Лазар Нанев ги исполнува условите за повторен избор во насловен вонреден професор во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

За целокупната активност во периодот од првиот избор во насловен вонреден професор до денес, кандидатот д-р Лазар Нанев има по основ на научноистражувачка работа, наставно образовна работа и стручно-апликативна, односно организациска работа, остварено НО 40 +НИ 184+САОР 117= 341 или вкупно 341 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, д-р Лазар Нанев да биде избран во **насловното звање насловен вонреден професор за наставно-научната област казнено право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Академик Владо Камбовски, претседател, с.р.
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.
Проф. д-р Олга Кошевалиска, с.р

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Избор во звање насловен вонреден професор | | | | | 40 поени |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40 поени** |
| **Р.ед. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Монографија или научна книга ***реден број 11 до 16 од публикуваните трудови во изборниот период** | 6 | 10 | | | 60 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга | | | | | |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | | | | | |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ***во 4 трудови (под реден број 2,3,5 и 8) кандидатот е прв автор, а во 1 труд (реден број 6) е втор автор и во 4 трудови (реден број 1, 4, 7 и 9) е трет или останат автор од публикуваните трудови во изборниот период** | 9 x 4<br>6 x 1<br>4 x 4 | 4 3 автор<br>6 2автор<br>9 1 автор | | | 32 + 6 +16<br>54 |
| **5.** | Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир | | | | | |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба **Реден број 41 од наведените активности** | 1 | 3 | | | 3 |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт **Реден број 50 и 81** | 2 | 2 | | | 4 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | | | |
| **10.** | Одбрана на докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **11.** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | | | | |
| **12.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **13.** | Раководител на научен проект | | | | | |
| **14.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | 3 | 6 |
| **15.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови | | | | | |
| **18.** | Уредник на зборник на трудови од научен собир, фестивал | | | | | |
| **19.** | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| **20.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| **21.** | Основач на научна лабораторија | | | | | |
| **22.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | | | |
| **23.** | Студиски престој во странство | 5 | 8 | | | 40 |
| **24.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 5 | 1 | | | 5 |
| **25.** | Рецензент на научен проект | | | | | |
| **26.** | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | | | | | |
| **27.** | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | | | | | |
| **28.** | Монументално ликовно дело | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **184** |

| Р.ед. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско - развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник<br>***реден број 10 од публикуваните во изборниот период** | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Поглавје од книга | | | | | |
| **3.** | Речник | | | | | |
| **4.** | Стручна монографија | | | | | |
| **5.** | Труд во стручно-научно популарно списание | | | | | |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | | | |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | | | | | |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br>**Од реден број 42 до 80** | 38 | 1.5 | | | **57** |
| **9.** | Уредник на стручно списание | | | | | |
| **10.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | | | |
| **11.** | Уредник на зборник на трудови на стручен собир | | | | | |
| **12.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | | | | | |
| **13.** | Учесник на научен проект (максимум во три проекта) | 3 | | | | |
| **14.** | Стручни награди и признанија | | | | | |
| **15.** | Раководител на катедра, оддел, центар | | | | | |
| **16.** | Член на универзитетски или владини тела | 10 | 5 | | | 50 |
| **17.** | Член на факултетски орган или комисија | | | | | |
| **18.** | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **117** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **341** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-57/4 од 3.3.2023 година донесена на 262. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 3.3.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Нина Даскаловска (претседател), редовен професор за наставно-научните области 64004 англистика; 64028 методика на јазик; 61225 методика на литературата на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- д-р Натка Јанкова- Алаѓозовска (член), доцент од наставно-научната област наука за книжевноста и наука за јазикот 64004 англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- д-р Сашка Јовановска (член), доцент од наставно-научната област 6.04 подрачје наука за јазикот (лингвистика), поле 64004 англистика и поле 64018 граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 21.2.2023 година и во предвидениот рок се пријави:

Адријана Хаџи-Николова, лектор за наставно-научната област англистика на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, РС Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***М-р Адријана Хаџи-Николова***

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Адријана Хаџи-Николова** е родена на 28 август 1986 година во Штип. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Во 2009 година завршува додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за преведување и толкување со просек 9.53 и се стекнува со стручен назив дипломиран преведувач по англиски и германски јазик на македонски јазик

и обратно. Своето понатамошно усовршување го продолжува на едногодишните постдипломски студии во академската 2012/2013 година со специјалност методика на наставата по англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 10.0, на 11 декември 2018 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Употреба на стратегиите за читање кај учениците од основното и средното образование” и се стекнува со академски степен магистер по филолошки науки од обласа на методика на наставата по англиски јазик. Од академската 2019/2020 год. е запишана на докторски студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, на Факултетот за јазици, култури и комуникација на Катедрата за англиски јазик и работи на докторската тема „Синхрони и асинхрони форми на настава на далечина на катедрите за англиски јазик и книжевност на универзитетите“.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање виш лектор***

1. М-р Адријана Хаџи-Николова има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (просечна вредност - нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 9.53, а од втор циклус студии 10.0).

3. Има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира (подолу следи нивна евалуација).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Даскаловска Нина, Хаџи-Николова, Адријана и Јанкова Алаѓозовска Натка | *The Use of Metacognitive Listening Strategies by English Language Learners* | European Journal od English Language Teaching | од 2015 |
| 2 | Хаџи-Николова, Адријана и Даскаловска, Нина | *Motivation in Distance Learning* | Book of Proceedings/ ICSSH-International Conference on Social Sciences and Humanities | од 2016 |
| 3 | Хаџи-Николова, Адријана, Даскаловска, Нина и Јанкова Алаѓозовска Натка | *Distance Learning - Development, Types and Tools* | Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research | од 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Даскаловска, Нина и Хаџи-Николова, Адријана | *Развивање на ученичка автономија* | Knowledge – International Journal | од 2009 |
| 5 | Хаџи-Николова Адријана и Даскаловска, Нина | *Методи на имплементација на стратегиите за читање* | Knowledge – International Journal | од 2009 |
| 6 | Тасевска, Марица и Хаџи-Николова, Адријана | *Усвојување на вештината зборување во наставата по германски јазик* | Зборник на трудови / ФИЛКО | од 2016 |
| 7 | Хаџи-Николова, Адријана и Даскаловска, Нина | *The Role of Metacognition in Developing Reading Skills* | Knowledge – International Journal, Scientific Papers | од 2009 |
| 8 | Даскаловска, Нина и Хаџи-Николова, Адријана | *Teacher Roles in Foreign Language Instruction* | Knowledge – International Journal, Scientific Papers | од 2009 |
| 9 | Хаџи-Николова, Адријана и Тасевска, Марица | *Стратегии за учење според Оксфорд* | Зборник на трудови / ФИЛКО | Од 2016 |

4. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова има завршено втор циклус студии од научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање виш лектор.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од февруари до јуни 2009 г. работи како практикант – кореспондент по германски јазик во Logwin Solutions Macedonia. Од јули до октомври 2009 г. Работи како кореспондент по германски јазик во „Нов тренд“ ДООЕЛ – Штип. Од ноември 2009 до септември 2012 г. работи како волонтер на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, каде што се занимава главно со преведување на веб-страницата ugd.edu.mk на англиски јазик. Од јуни 2011 година е ангажирана како локален координатор на испити преку Британското катче во рамките на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со цел спроведување на полагање испити за здобивање на меѓународни сертификати за познавање на англиски јазик. Од септември 2012 година до 2019 година работи како кореспондент по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од 2019 г. работи како лектор во наставно-научната област англистика во рамките на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката беше ангажирана на Катедрата за англиски јазик и книжевност за изведување лекторска настава по предметите Современ англиски јазик 1, Современ англиски јазик 2, Современ англиски јазик 5 и Современ англиски јазик 6 на групата во Струмица, како и за реализација на вежбите по следните предмети: Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1, 2, 3 и 4 во Штип и Струмица.

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во реализација на наставата по предметите Англиски јазик А2.1, Англиски јазик А2.2, Англиски јазик Б1.1, Англиски јазик, Б2.2 на другите катедри од Филолошки факултет, како и Англиски јазик А2.1 и Англиски јазик А2.2. на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип на Земјоделски факултет, Машински факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика и Правен факултет. Во овој период м-р Адријана Хаџи-Николова одржува настава по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај наведените обврски, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Адријана Хаџи-Николова важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период од изборот на кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова во наставно-стручно звање *виш лектор:*

1. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana and Jankova Alagjozovska, Natka (2023) *The Use of Metacognitive Listening Strategies by English Language Learners.* European Journal of English Language Teaching, 8 (1). pp. 19-33. ISSN 2501-7136

Овој труд ја разгледува употребата на метакогнитивните стратегии за слушање кај учениците со средно и напредно ниво на познавање на англиски јазик во средните училишта и универзитети во Република Северна Македонија. Употребата на метакогнитивните стратегии за слушање е испитана со прашалник кои содржи пет групи на стратегии: за решавање проблеми, планирање и евалуација, ментално преведување, лично знаење и насочено внимание. Според направеното истражување, испитаниците се умерени корисници на метакогнитивните стратегии за слушање со средна вредност 4.18 за учениците од средните училишта и средна вредност 4.26 за студентите на универзитет.

2. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2023) *Motivation in Distance Learning.* Book of Proceedings/5th International Conference on Social Sciences and Humanities (IBU-ICSSH22)13-15 June 2022, Skopje. pp. 165-170. ISSN ISBN:978-608-4868-28-6

Овој труд ја прикажува важноста на мотивацијата во наставата на далечина. Наставата на далечина значи учење со електронски средства во своите домови или места каде што студентите се чувствуваат удобно. Во синхроната форма на настава на далечина, а особено во асинхроната форма на настава на далечина, улогата на мотивацијата е клучна, бидејќи значи студентите да изберат учење пред компјутер додека вниманието може лесно да им се пренасочи во услови што не наликуваат на училница. Овде ставаме акцент на разните форми на мотивација, внатрешна, надворешна и социјална поврзани со учењето на далечина, за најпосле да завршиме со мотивацијата за усвојување на англиски јазик во синхрона и асинхрона форма на настава на далечина во високото образование.

3. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Jankova Alagjozovska, Natka (2022) *Distance Learning - Development, Types and Tools.* Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 7 (13). pp. 283-296. ISSN 2545-3988

Овој труд го разгледува прашањето дали може наставата на далечина да ја замени традиционалната настава. Се разгледуваат почетоците на наставата на далечина со праќањето на материјали за учење по пошта до денес со моменталниот технолошки развој. Понатаму се става акцент на двете форми на настава на далечина, синхрона кога наставниците и учениците работат интерактивно во исто време и асинхрона кога учениците учат сами, во нивно слободно време, а интеракција постои, но со задоцнување. Најпосле се разгледуваат алатките што им се на располагање на наставниците и учениците за двете форми на настава на далечина.

4. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2021) *Развивање на ученичка автономија.* Knowledge – International Journal, 46 (2). pp. 255-260. ISSN 2545-4439

Во овој труд се става акцент на комуникативните приоди во наставата, наспрема традиционалните, каде што учениците ја имаат централната улога. Учениците не се повеќе пасивни чинители, туку од нив се очекува активно да учествуваат во сите фази од наставниот процес, да преземаат одговорност за своето учење, да користат стратегии за подобри резултати во учењето, како и сами да го евалуираат сопственото достигнување. Притоа, терминот ученичка автономија станува поактуелен во наставата по странски јазик, а од учениците се очекува да бидат понезависни, сами да донесуваат одлуки, да развијат критичко размислување, а сето тоа да придонесе кон поефикасно и поефективно самостојно учење.

5. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2021) *Методи на имплементација на стратегиите за читање.* Knowledge -International Journal, 46 (2). pp. 277-281. ISSN 2545-4439

Овој труд става акцент на стратегиите за читање во наставата по странски јазик. Тие се клучен дел во разбирањето на текстот, па оттука една важна задача на наставниците е да ги пренесат стратегиите за читање на учениците, за да се создаде навика за нивна ефикасна и долгорочна примена. Постојат различни методи за имплементирање на овие стратегии во наставата, а во овој труд се разгледуваат четири. За сите нив заедничко е што сите вклучуваат активирање на претходното знаење и поттикнување на мотивацијата кај учениците со цел да се постигне разбирање на дадениот текст за читање.

6. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Усвојување на вештината зборување во наставата по германски јазик.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. pp. 360-371. ISSN ISBN: 978-608-244-698-1

Вештината зборување е една од четирите јазични вештини во усвојувањето на странски јазик, па модерната настава се стреми кон развивање на јазични компетенции и оспособување на учениците за комуникација во автентични јазични ситуации. Овој труд ја разработува темата на усвојување на вештината зборување во наставата по германски јазик во основните и средните училишта. Истражувањата покажуваат дека оваа вештина потешко се усвојува и покрај долгогодишната настава по германски јазик. Оттука се става акцент на примена на разновидни вежби за полесно и позабавно усвојување на вештината зборување на часовите по германски јазик.

7. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2020) *The Role of Metacognition in Developing Reading Skills.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2). 415 -420. ISSN 2545-4439

Поимите когнитивност и метакогнитивност се доста присутни во литературата поврзана со вештината читање во наставата по странски јазик. Додека когнитивноста е нашето свесно размислување, метакогнитивноста е „когнитивност за когнитивноста", односно размислување за сопственото размислување. Метагокнитивните стратегии за учење се поврзани со размислување за процесот на учење, планирање на учењето, набљудување на разбирањето додека се случува и оценување на себеси кога се завршува со процесот на учење. Во овој труд се става акцент на поимот метакогнитивност како и на неговиот историски развој. Исто така, во преден план се аспектите на метакогнитивноста и компонентите кои го сочинуваат тој процес, со посебен фокус на улогата на метакогнитивноста во процесот на читање и развивање на вештините на читање.

8. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Teacher Roles in Foreign Language Instruction.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2). pp. 371-376. ISSN 2545-4439

Овој труд се фокусира на улогите на наставникот во наставата по странски јазици. Главните учесници во процесот на учење и поучување се наставникот и учениците. Тие се еднакви партнери во овој процес бидејќи успехот и ефективноста на учењето и поучувањето не зависат само од наставникот. Иако наставникот е тој кој ги планира и организира часовите и ги мотивира и поттикнува учениците да учат за да го усвојат потребното знаење и да ги развијат потребните компетенции за да можат да го користат јазикот надвор од училницата, учениците не може да бидат пасивни примачи на информациите пренесени од наставникот. Во таква атмосфера на активна вклученост, учество и соработка, наставникот и учениците може да имаат многу различни улоги.

9. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за учење според Оксфорд.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. ISSN 978-608-244-698-1

Постојат разновидни класификации на стратегиите за читање. Во овој труд се разгледува класификацијата на Оксфорд, која се однесува на стратегиите за учење како целина, односно за сите четири јазични вештини според Европската референтна рамка на јазици, со посебен акцент на оние што се поврзани со читањето. Главната поделба на стратегиите според оваа класификација е на директни и индиректни стратегии за учење. Директните стратегии ги опфаќаат мемориските, когнитивните и компензациските стратегии. Индиректните стратегии се метакогнитивните, афективните и социјалните стратегии. И бидејќи примената на стратегиите може свесно да се испланира, овој труд обрнува внимание на тоа дека треба да се влијае врз наставниците во планирањето на наставната дејност, што понатаму ќе креира успешни и подготвени ученици.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Адријана Хаџи-Николова во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано со усна презентација на меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, како и учество на проекти:

1. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2020) *The Role of Metacognition in Developing Reading Skills.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2) pp. 415 -420. ISSN 2545-4439 од 21 до 23 август 2020 год. во Струга, Република Северна Македонија.
2. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Teacher Roles in Foreign Language Instruction.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2). pp. 371-376. ISSN 2545-4439. од 21 до 23 август 2020 год. во Струга, Република Северна Македонија.
3. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за учење според Оксфорд.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. ISSN 978-608-244-698-1 од 23-25 мај 2019 год. во Воронеж, Русија.

Покрај овие активности, м-р Адријана Хаџи-Николова активно учествува и во организациските активности на Филолошки факултет:

– Учество во Организациски одбор на Меѓународната конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", која ќе се одржи на 25-26 мај 2023 год. на Филолошки факултет, УГД, Штип.

– Организирање на работилница со студентите од Катедра за англиски јазик на тема „Commonwealth Day – Delivering a Common Future, Connecting, Inovating, Transforming" на 14 мај 2022 год.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова во звањето *виш лектор* за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Нина Даскаловска, претседател, с.р.

Проф.д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, член, с.р.

Проф. д-р Сашка Јовановска, член, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА РАКОПИСОТ „ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА" ОД Д-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-52/11 од 23.2.2023 година на 181. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 23.2.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Соња Петровска, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- д-р Кирил Барбареев, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Организација на предучилишна установа**" од **вонреден професор д-р Деспина Сивевска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебник со наслов „Организација на предучилишна установа" од вон. проф. д-р Деспина Сивевска е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за реализација на наставата по наставниот предмет Организација на предучилишна установа. Предметот се изучува на прв циклус студии на студиската програма Предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како изборен, во шести семестар, со седмичен фонд на часови 2+1+1, и носи 4 ЕКТС.

Ракописот содржи материјал кој во целост ја следи наставната програма за соодветниот предмет. Приложените содржини се презентирани на постапен и систематичен начин што овозможува студентите да се здобијат со знаења и вештини кои се однесуваат на организациската и педагошката поставеност на предучилишните установи, посебно во нашата држава.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик со лесен и разбирлив стил, на 150 страници во А4 формат - компјутерски обработен текст, со проред: единечен (single spacing), фонт Arial, со македонска поддршка и големина на буквите 11. Истиот е поткрепен со слики и табели кои ќе го олеснат процесот на учење и разбирање на предвидените содржини.

Содржината ја следи концепцијата на целите и очекуваните резултати предвидени во предметната програма по наведениот предмет.

Обемот и содржината на ракописот се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, практикум или друго учебно помагало што обработува иста содржина досега не се објавени на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Цениме дека содржината, пристапот и форматот кој го нуди доставениот материјал дава можност за постапно и систематично водење на студентите низ процесот на запознавање и воведување во организациската и структурната поставеност на системот на предучилишното образование.

**Краток опис на содржината:** Ракописот со наслов „Организација на предучилишна установа" е целосно дело на авторката и универзитетска професорка од областа на педагогијата на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип, проф. д-р Деспина Сивевска.

Ракописот е во согласност со методологијата на научниот пристап на академското пишување, а содржината претставена во него е разбирлива, јасна и систематска. Во ракописот доминира научната и стручна терминологија, јазикот и стилот на пишување се јасни, разбирливи и конкретни за темите кои се опфатени. Библиографијата е систематски наведена, вклучува современа интернационална литература, како и домашни истражувачки библиографски единици. Авторката преку еден широк и длабински пристап создава сеопфатен увид во организацијата на предучилишната установа во Р. Македонија, но исто така дава и еден јасен приказ за важноста на овој потсистем во целиот воспитно-образовен систем. Ракописот се состои од неколку поглавја кои артикулираат јасни и важни теми за предучилишното воспитание, образование и грижа. Изборот на содржината на секоја тема се чита како засебна целина, но во исто време тие систематски се однесуваат едни на други, со што се формира квалитетен и сеопфатен поглед на темата. Во ракописот, авторката се посветува на прашањата за современата концепција на предучилишната установа, преку преглед од минатото до денес; се прикажува структурата и организацијата на предучилишните установи; програмите за воспитно-образовна работа; раководењето, надзорот и законитоста во работењето; стручните служби во предучилишните установи; педагошката евиденција и документација; финансирањето на предучилишните установи; здравственото воспитание, организациска култура и клима.

Живееме во време кога научните студии за тоа како децата се развиваат, зошто е важен раниот детски развој, кои елементи на развој се универзални наспрема културолошките специфики и како раниот развој влијае врз подоцнежниот развој, се поинтензивно и се посигурно ја подигаат свеста и влијаат на образовните политики во светот и кај нас. Затоа сметаме дека овој ракопис на авторката е во вистинско време и е оригинален придонес во систематската презентација и оправдување на значењето од професионална организација чија крајна цел е развојот на детето.

Оттука, овој ракопис е научно и професионално релевантен, и во исто време има важна педагошка вредност. Помага да се разбере ставот на воспитувачите и стручните соработници од гледна точка на дневната рутина и програмата за работа и им дава на двата процеси голема тежина и важност во развојот на предучилишното дете. Во исто време, ракописот ја потенцира најважната улога на вработените во предучилишната установа кон правилниот развој на децата кој значи дека тие треба да ги развиваат вештините и компетенциите кои ќе им овозможат успешно да се вклопат и учествуваат во нивните средини и да го достигнат нивниот потенцијал за развој, како во моментот, така и преку градење на темелите за доживотен развој.

Овој ракопис како професионално и научно истражување дава детален и сеопфатен преглед на организацијата на предучилишната установа и претставува важен материјал за учење на студентите, истражувачите, родителите и стручните сектори во професионалните тела. Од горенаведеното, проценуваме дека ракописот со наслов „Организација на предучилишна установа“ е важен придонес во развојот на македонскиот научен текст и изразот на педагошката наука.

**ЗАКЛУЧОК**

Согласно со погоре изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Соња Петровска и проф. д-р Кирил Барбареев констатира дека ракописот со наслов „Организација на предучилишна установа“ од авторката д-р Деспина Сивевска е пишуван наменски, согласно со Наставната програма и е самостојно дело на авторката.

Проблемите кои се третирани во приложениот ракопис во целост ги задоволуваат содржинските, дидактичко-методичките критериуми за учебник и се во согласност со наставниот план и содржините на предметот Организација на предучилишна установа што ги изучуваат студентите од студиската програма по предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија предлага ракописот со наслов „Организација на предучилишна установа“ од вон. проф. д-р Деспина Сивевска да биде одобрен за издавање и користење како учебник за потребите на студентите од прв циклус на студии на студиската програма по предучилишно воспитување на Факултетот за образовни при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Рецензенти**
Проф. д-р Соња Петровска, с.р.
Проф. д-р Кирил Барбареев, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕХАНИКА НА ПОЧВИ” ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ПОПОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-260/11 од 46. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 7.12.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Зоран Панов, редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- д-р Ристо Дамбов, редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Механика на почви”** од **проф. д-р Ристо Поповски**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебникот со наслов „Механика на почви“ целосно ја покрива Наставната програма за предметот Механика на почви на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот за којшто е наменет учебникот се слуша во трета година, петти семестар, на Институтот за рударство, со неделен фонд на часови 2+1+1. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на учебник по предметот Механика на почви, е претставен во текст од вкупно 202 страници. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за учебник и кореспондира со бројот на часови на предметот Механика на почви за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во 12 (дванаесет) поглавја и тоа:

Вовед
1. Видови на почва
2. Физички особини на материјалот на почвата
3. Класификација на почвите

4. Пластичност и структура на почвата
5. Вода во почвата
6. Водопропустливост
7. Напрегање на терен
8. Напрегање во почвената маса
9. Стисливост на почвата
10. Јакост на смолкнување на почвата
11. Стабилност на терен
12. Теренско истражување на почвата.

Во **воведот** е опишано што проучува механиката на почви (физичко-механичките карактеристики на тлото, течењето на вода низ него, напрегањата и деформациите, параметрите на јакост на тлото, методи од лабораториското и теренското испитување, било тоа да е природен потпирач на некоја градежна работа чијашто тежина мора да ја преземе без штетни слегнувања и деформации, било да служи како материјал при градење), ги прикажува типовите на почви (врзани, неврзани и органски), како и настанувањето на почвите и класификацијата на тлото.

Во **првата глава** се прикажани видовите на почва. Во механиката на почвата се разликуваат три главни видови на почва и тоа неврзани, врзани и почва со органско потекло. Неврзана или некохерентна почва е онаа кај која нејзините состојки не се поврзани со никакво врзувачко средство. Врзана или кохерентна почва се нарекува онаа кај кое цврстите честички се поврзани помеѓу себе со кохезиони сили. Почвата со органско потекло се состои од голем дел на органски или растителен материјал со глиновити или други состојки.

**Второто поглавје** ги дава физичко-механичките особини на материјалот на тлото. Тлото е материјал кој се состои од три компоненти (фази): цврсти честички, течна и гасовита фаза во порите помеѓу тврдите честички. Даден е модел на почва според тежинско-волуменските односи. Прикажани се начините на определување на густина на почвените честички и гранулометриски состав.

Во **третата глава** е прикажана класификацијата на почвите врз основа на гранулометрискиот состав. Според гранулометрискиот состав, почвите се класифицирани во следните групи: чакал, песок, прашина и глина. Границите на овие групи на почви се дефинирани произволно, поради тоа што постојат неколку системи.

Опишан е начинот на мешање на почвата за добивање на почва со поволни карактеристики при изградба на одредени објекти.

Прикажано е филтерското правило кое се базира на филтерот на гранулометрискиот состав, чијашто задача е да намали хидрауличниот градиент на контактот меѓу почвата и камените наслаги, како и Терцагиевото правило и правилото на Бирото за рекламација (Bureau of reclamation).

**Четвртото поглавје** е за пластичност и структура на тло. Опишана е конзистенцијата и конзистентни состојби на тлото (граница на течење, граница на пластичност, граница на собирање, граница на заситување). Дадена е структурата на почвата под која се подразбира распоредот на цврстата фаза во земјината маса. Како што е познато, почвата се состои од цврсти честици и пори исполнети со вода, воздух и водена пара, најчесто делумно воздух, делумно вода. Според распоредот на цврстите честици во почвата се одредува нејзината структура. Прикажано е збивањето на тлото и одредувањето на оптималната содржина на вода во почвата.

Во **петтото поглавје** е прикажана водата во почвата која се појавува во облик на вода во порите меѓу цврстите честици т.н. порна вода, потоа како апсорбирана вода на цврстите честици и како конституциска вода. Опишана е капиларноста и појавата на капиларност во почвата.

**Шестата глава** ја опишува водопропустливоста. Водопропусливоста на почвата се должи на присуството на меѓусебно поврзаните пори и празнини, преку кои водата може да тече од точки со повисока енергија (енергија на повисока положба) кон точки со пониска енергија (енергија на пониска положба).
Опишани се Дарсиевиот законот и Бернулиевата равенка, како и лабораториското испитување на водопропустливост кај почвите. Потоа е прикажано течењето на водата низ почвата, односно филтрацијата.

Во **седмиот дел** е опишано напрегањето на теренот. За анализа на проблемите, како што се стисливост на почвите, носивост на темели, стабилност на насипи и страничен притисок врз потпорните конструкции, треба да се познава природата на распределување на напрегањата по должина на даден напречен пресек на почвен профил. Анализата е разгледана на заситена почва без филтрација.

Во **осмото поглавје** е претставено напрегањето во почвената маса. Изградбата на темелите предизвикува промени во напрегањата, обично во вид на нето зголемување. Овде се разгледувани принципите за прицена на зголемувањето на вертикалното напрегање во почвената маса предизвикано од разни видови оптоварувања. Претставени се нормалното и тангенцијалното напрегање во рамнина.

Во **деветтата глава** е прикажана стисливоста на почвата. Со зголемување на напрегањата се стиснуваат слоевите во почвата. Стисливоста настанува поради деформација на честичките на почвата, преместување на честичките и истиснување на водата или воздухот од почвата. Претставени се фундаменталните принципи за проценка на еластичното и косолидационото слегнување на почвените слоеви под дадени оптоварувања.

**Десеттиот дел** ја опишува јакоста на смолкнување на почвата, која претставува внатрешен отпор на единица површина со која почвата се спротивставува на лом и свлекување по должина на која било рамнина во нејзината внатрешност. Даден е Мор-Кулоновиот критериум за лом, наклонот на рамнината на лом поради смолкнување, параметрите на смолкнувачка јакост како и патиштата на напрегањата. Покажана е постапката на испитување на јакост на примерок во лабораторија.

**Единаесетто поглавје** ја прикажува стабилноста на теренот. Анализата за стабилност на падини и косини претставува завршна фаза во процесот на проучување на свлечиштата. Објаснети се методите за анализа на стабилност на земјените маси: методи на гранична рамнотежа со кои се одредува некој број што е мерка на стабилност (фактор на сигурност FS) и методи на конечни елементи со кои се одредува состојбата на напрегања и деформации, при што поместувањата при работно ниво на напрегања се примарни.

Во последниот, **дванаесеттиот дел**, е дадено теренското истражување на почвите. Целта и задача на истражувањето на почвите е да се добијат информации потребни за решавањето на рударските и градежните работи. Теренските и лабораториските истражувања се потребни за добивање на соодветни информации за карактеристиките на теренот. Прикажани се видовите на истражувања во почвите, прелиминарните истражувања, мерење и особини in situ на почвата и како се зема примерок од почвата.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот за учебник со наслов „Механика на почви“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Механика на почви, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на којшто овој материјал е структуриран и елабориран, истиот ги исполнува сите стандарди на учебник, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Факултетот за природни и технички науки во совладувањето на наставната материја по предметот Механика на почви.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да ја усвои позитивната рецензија на ракописот „Механика на почви“ од проф. д-р Ристо Поповски и да одобри неговото издавањето и објавување на е-библиотека на УГД, како електронска верзија на учебник предвиден во програмата на прв циклус студии на насоката Рударство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензенти**
Проф. д-р Зоран Панов, с.р.
Проф. д-р Ристо Дамбов, с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „СОВРЕМЕНИ ФИНАНСИИ“ ОД АВТОР ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-56/6, донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 24.3.2023 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Зоран Темелков, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и

- д-р Стеван Габер, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Современи финансии“* од проф. д-р Марија Гогова-Самоников, наменета за студентите на прв циклус студии на Економски факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Современи финансии” од проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува заокружена целина на материјата поврзана со изучување на правците кои се јавуваат во функционирањето на финансискиот систем во современи услови, од неговите традиционални постулати и регулација до начинот на нивното менување и појава на кризи, но и новитети кои се однесуваат на децентрализираното финансиско работење, која студентите ја изучуваат на предметите – Финансиска регулација и Современи финансиски тенденции. Учебникот е наменет за изучување на наставната програма по наведените предмети од страна на студентите од четврта студиска година (седми и осми семестар) на насоката Финансии. Предметот Финансиска регулација се јавува како изборен, со неделен фонд на часови 2+2+2 во седмиот семестар на студиската програма Финансии, додека предметот Современи финансиски тенденции се изучува како изборен предмет со истиот фонд на часови во осми семестар на истата студиска програма.

**Податоци за обем на ракописот:** Учебникот содржи 320 страници, со повеќе табели, графикони и практични примери, студии на случај и вежби кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На крајот на ракописот се сместени релевантните

библиографски единици кои ја третираат проблематиката на финансиите. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите осознавање на значењето, местото и улогата на финансиските систем во рамки инкорпориран од економскиот систем преку неговите зачетоци и традиционалност кон сè почестите промени со кои е зафатен и се менува. Посебно значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите на Економски факултет заради осознавање на основните постулати на функционирање на финансискиот систем како една целина; со оглед на фактот што концепирањето и димензиите на финансиите претставуваа доста важен елемент во економскиот систем во целина, а тековно се јавуваат сè почести дебати и дискусии за оправданоста на едни текови во споредба со други. Посебно внимание заслужуваат: причините за постоење и оправданост на финансискиот систем во целина, финансиската регулација и начините на нејзино остварување, причините за нејзиното постоење, финансиските кризи кои ги забележала историјата, потоа современите текови, тенденции и притисоци врз финансискиот систем, нивното функционирање, промените кои се јавуваат и можностите кои тие ги создаваат пред финансиската иднина. Од оваа причина, сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот:** Содржински, трудот е конципиран во 2 посебни делови, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првото поглавје е посветено на причините за постоењето на регулацијата на финансискиот систем. Станува збор за дел од материјата кој треба да ги даде воведните аспекти на сè она што како регулација на финансии функционира денес. Од таа причина се проучуваат финансиските системи, нивното создавање, тек и развој. Во овој дел се анализирани и причините за постоење на регулација на овие системи, како и нивната оправданост за општествата во целина, моделите на регулирање, начините на регулирање и слично. Опфатени се и аспектите кои укажуваат на последиците од неуспешното и неодговорно финансиско работење. Направен е опфат и на македонскиот финансиски регулаторен систем со сите негови чинители и законодавства за функционирање.

Второто поглавје анализира тековни, современи случувања и трендови на финансиските пазари. Во суштина е надополнување на првото поглавје од причина што проблематиката обработена овде е можеби најголемиот притисок врз финансиската легислатива во периодов. Тука се опфатени видовите инструменти

со кои институциите работат во модерното техничко-технолошко окружување, односно како работат и како е формирана една целина која е економски оправдана. Во овој дел од материјалот се прави компарација на традиционалните со децентрализираните финансии, но се опфатени и новитети кои континуирано се појавуваат и кај двата засебни система. Вметнати се сите позитивни и не негативни, туку предизвикувачки аспекти и фактори кои влијаат на финансискиот пазар, неговото позиционирање и иднина.

На крајот на секое поглавје е дадена листа на теми и прашања, кои студентите можат да ги користат за продлабочување на своите знаења од аспект на практична примена на теоретски обработениот материјал. Станува збор за материјал за вежби кои ќе се обработуваат по реализирањето на предвидените предавања.

На крајот од учебникот се обработени низа студии на случај од секојдневното функционирање или нефункционирање на финансиските системи, со прашања кои кај студентот треба да го поттикнат когнитивното размислување и поврзување на теоретски осознаениот материјал со практичниот аспект на функционирањето на финансиските пазари.

На ваков начин е креиран учебник кој ќе создаде претстава за функционирањето на модерниот финансиски систем, од неговите зачетоци и традиционалност, до тенденциите кои се јавуваат за неговото функционирање во иднина преку оправданоста за функционирањето, законитостите, стратегиите и инструментите за целокупно економски оправдано постоење.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на современите финансии сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните форми, модели, слабости, причинители на овој дел од работењето на финансиските системи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот, да можат практично да ја осознаат историјата, тековноста и сигнификантноста кои таа ги има оставено со своето функционирање во рамки на општествениот систем. Да бидат способни да ги откријат сите пропусти и негативности во работењето на овој систем, кои понатаму би биле предмет на коригирање, а истовремено да ги идентификуваат позитивностите кои треба да се стимулираат.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното

**М И С Л Е Њ Е**

Универзитетскиот учебник „СОВРЕМЕНИ ФИНАНСИИ" од проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со процесот на следење на финансискиот систем, како и сите процеси поврзани со него што се одвиваат во рамки на економските системи. Авторката направила успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да научат како

оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат принципите на финансиското работење во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на методите и техниките, моделите и формите на процесот на анализа и дизајнирање на финансиските норми во финансиското работење.

Сметаме дека трудот ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му предложиме универзитетскиот учебник со наслов „Современи финансии” од проф. д-р Марија Гогова-Самоников да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Зоран Темелков, с.р.

Проф. д-р Стеван Габер, с.р.

Врз основа на член 110 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и член 50 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр.31, мај 2014 година), Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на својата 235. редовна седница одржана на 10.4.2023 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за промена на ментор за изработка на магистерски труд од кандидатката**

**Деница Михајлова**

Член 1

Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип донесе Одлука за промена на ментор за изработка на магистерскиот труд под наслов „Значењето на Базелските спогодби за капитал врз стабилноста на банкарскиот систем на Република Македонија“ од кандидатката Деница Михајлова.

Член 2

На местото на проф. д-р Ристо Фотов (кој замина во пензија) за нов ментор при изработката на магистерскиот труд се определува проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска.

Член 3

Примерок од Одлуката да се достави до кандидатот, менторот, досието на кандидатот и архивата на факултетот.

Декан

Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата

| Билтен 18.4.2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ | 1. Показателите од финансиските извештаи и нивното толкување – прв чекор за финансиска одлука, релацијата на задолженоста и профитабилноста | 1202-43/8 од 13.2.2023 год. | Проф. д-р Марија Гогова-Самоников | Верица Иванова |
| ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ | 2. Народните верувања во болести и обредната практика за нивно лекување во Тиквешкиот регион (фолклористичко-етнографски интерпретации) | 1902-78/17 од 3.4.2023 год. | Доц. д-р Ана Витанова -Рингачева | Бојана Самарџиева |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 3. Магацинско работење и нови трендови на складишни процеси | 2102-142/5 од 24.6.2022 год. | Проф. д-р Оливер Филипоски | Емилија Божиновска |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 4. Анализа на злоупотреба на имунитет – сенката на дипломатите | 1102-64/10 од 12.4.2023 год. | Вон. проф. д-рОлга Кошевалиска | Надица Пилешкова |
| | 5. Дијаспората и нејзината улога во надворешната политика на РМ | 1102-64/11 од 12.4.2023 год. | Вон. проф. д-р Дејан Маролов | Јовица Страшевски |